Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”

Филозофски факултет – Скопје

Студиска програма: Менаџмент во образование

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА

# КВАЛИТЕТОТ И ВРЕМЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ


Студент:

Проф.Злата Порчиќ, број на индекс 5179/18

Ментор:

Проф.Д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ


Скопје, 2020

*Апстракт*

Цел на трудот е да укаже на фактот колку е битно квалитетното образование за општеството, па така општество кое го препознава ова круцијално значење на воспитно-образовен процес ќе направи сè за негово организирње во насока на прогрес. Образованието е комплексен процес со кој општеството ги пренесува акумулираните знаења, вештини и вредности од генерација на генерација. Образованието има важна функција во општеството. Теоретската и научна оправданост на овој труд се темели на Стратегијата за развој на образованието 2018-2025 изготвена од Владата на Р. С. Македонија и на фактот дека континуирано се унапредуваат индикаторите за мерење на квалитетот на наставата. Поради важноста на образованието секоја влада сака да ја дефинира својата концепција и содржина, за секој поединец да ги прифати вредноста и нормите на системот. Поради тоа државата обезбедува финансирање на образовниот процес. Преку наставата се обликуваат свеста и гледиштето на поединецот кога станува збор за процеси во општествената структура. Институционализацијата на образованието покрај тоа што се темели на усвојувањето збир од правила и социјални вредности, се огледува и во знаења и вештини кои поединецот ги совладува во наставата, а истите се рефлектираат во општеството. Сето ова погоре кажано не може да се оствари доколку нема соодветни услови за врменско организарање за негова успешна реализација. Преку аналитички пристап на актуелната состојба во средните училишта со употреба на научните методи конкретизација и специјализација и индуктивно-дедуктивниот метод на сознание се изведуваа заклучоци. Научното истражување доведе до резултати кои се доказ дека за квалитетна настава потребно е соодветно временско организирање на наставата, а не само промена на наставните програми и планови, потрбна е промена на условите за успешна реализација на реформираното средно образование.

Клучни зборови: образование, настава, квалитетна настава, организирање

*Abstract*

The purpose of the thesis is to highlight the significance of the quality of education for the society, and show how societies that recognize the crucial importance of the educational process will do anything in their power to organize it in the direction of progress. Education is a complex process by which society transmits accumulated knowledge, skills and values from generation to generation. Education has an important function in society. The theoretical and scientific justification of this paper is based on the Strategy for Development of Education 2018-2025 prepared by the Government of the Republic of N. Macedonia as well as the assumption that the indicators for measuring the quality of teaching are continuously improved. Due to the significance of education, every government wants to define its concept and content, so that each individual can accept the values and norms of the system. Therefore, the state provides funding opportunities for the educational process. When it comes to processes in the social structures, teaching shapes the consciousness and the point of view of the individual. The institutionalization of education, in addition to being based on the adoption of a set of rules and social values, is reflected in the knowledge and skills that the individual masters during the teaching process, which are reflected in the society. The mentioned above, cannot be achieved if there are no appropriate conditions for time management and successful realization. An analytical approach was used for the analysis of the current situation in the high schools; conclusions were drawn using the scientific methods of concretization and specialization and the inductive-deductive method of cognition. Scientific research has led to results that prove that quality teaching requires appropriate time management of teaching, and not only a change in curricula and plans. It is necessary to change the conditions for successful implementation of the reformed secondary education.

Keywords: education, teaching, quality teaching, organizing

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 1

I ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ... 4

1. ВРЕМЕНСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ... 4

1.1. Актуелната состојба во средното образование ... 5

1.2. Национална стратегија за развој на образованието ... 12

2. ПОИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И СРОДНИ НА НЕГО ПОИМИ ... 13

2.1. Знаењето, вештините и компетенциите како компоненти на образованието ... 14

2.2. Наставата како основен облик на образовниот процес ... 17

2.2.1. Фактори на наставата ... 18

2.2.2. Односите во училницата и атмосферата во наставата ... 19

2.2.3. Видови настава ... 20

2.2.4. Наставен час ... 24

3. КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА ... 25

3.1. Синонимот ефективна настава ... 25

3.2. Поставување рамка за ефективни училишта ... 27

3.3. Други перцепции за квалитетна настава ... 33

3.4. Индикатори за мерење на квалитетот на наставата во образовниот процес. 34

4. ПОИМОТ ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО МЕНАЏМЕНТОТ ... 39

4.1.Фактори кои влијаат при изборот на организациска структура ... 40

4.2. Видови организациски структури: флаксибилни и формални ... 42

4.3. Видови организациски култури ... 45

5. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ........ 48
5.1.Пилот програма за настава само во првата смена во Република Србија ........ 48
5.2.Квалитетните услови за школување вклучуваат организација на едносменската настава ........ 51
**II МЕТОДОЛОШКА РАМКА** ........ 52
6. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 52
6.1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 52
6.2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 52
6.3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 53
6.4. ХИПОТЕЗИ ........ 54
6.5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 54
6.6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 55
6.7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК ........ 56
6.8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ........ 56
6.9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 57
**III ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ** ........ 108
ЛИТЕРАТУРА ........ 112
ПРИЛОЗИ ........ 117

# ВОВЕД

Прашањето за образованието подразбира одговор на прашањето: што можеме да сториме за да го подобриме животот на претходните и идните генерации? Денес, во ера на глобализација, многу аспекти мора да се променат за да се подобри иднината на сите. Не е премногу да се каже дека целиот развој на цивилизацијата може да се смета за постојана инспирација на човекот да се подобри себеси, неговата работа, заедницата во која живее и светот околу него. Оваа тенденција е ориентирана кон развивање и подигнување на квалитетот на образованието. Истражувањето спроведено во овој труд беше иницирано со цел да се испита улогата на временската организација на образовниот систем во постигнување на одредено ниво на ефективност и ефикасност. Станува збор за едукативна активност следена врз основа на утврдените стандарди и активности за управување. Главната претпоставка е дека нивото на квалитет на процесот е зависно од обезбедување услуги и услови за негово реализирање. Резултатот од тој процес ќе се зголемува доколку се спроведува образовната активност во согласност со дефинираните стандарди, основа на системот за квалитет, што ја подобрува ефективноста и ефикасноста на процесот на образование.

Резултатите можат да бидат платформа за препораки и насоки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес преку современо временско организирање. Резултатите од досегашните истражувања покажаа, меѓу другото, дека секогаш постои простор за понатамошно подобрување на процесот на образование, со цел зголемување на ефективноста (како мерка за реализација на планираните активности и планирани резултати) и ефикасност (каузалноста на постигнатите резултати и користените ресурси). Резултатите презентирани, дискутирани и анализирани во овој труд можат да бидат инспиративни за некои понатамошни истражувања и да се сметаат за идеи и препораки за континуирано подобрување на квалитетот на наставата. Системот е ефикасен ако може да го изврши својот процес (воспитно-образовен) со најмало можно количество енергија или со најефикасно искористено време. За да биде пак еден систем ефективен, треба да биде организиран, систематичен и програмиран. Да се биде ефикасен значи да

се следи еден процес кој користи најмала количина на енергија и ја минимизира потрошувачката на таа енергија. Што е ефективност? Да се биде ефективен, од друга страна, значи да се произведува или постигнува тоа заради кое е воспоставен системот. Ова значи обезбедување на саканата функција или во дадениов случај квалитетно образование. Кац и Кан (Katz & Kahn, 1978) ја признаваат организациската ефективност како максимизирање на повратноста на секој начин, а ефикасност како однос помеѓу влезовите/вложеното и излезите/добиеното. Ефективноста е поврзана со надворешните фактори, додека ефикасноста е внатрешната димензија на организацијата и состојбата на ефикасност е критериум за внатрешниот живот или организација на средните училишта и од економска и техничка гледна точка.

Кога ја разгледуваме ефективноста и ефикасноста од гледна точка на човечките ресурси, Вокер и Бекет (Walker & Becket,1991) велат дека ефикасноста е „односот помеѓу клучните резултати и краткорочните ресурси и активностите на ресурсите, додека ефективноста е врската помеѓу клучните резултати и долгорочните стратегии ". Локхид и Ханушек (Locheed & Hanushek, 1994) го воведуваат концептот за ефикасност и ефективност на образованието и ја дефинираат ефикасноста како однос помеѓу влезовите/вложеното/ и излезите /резултатите/.

Поефикасните системи постигнуваат повеќе резултати со дефинираниот сет на ресурси од влезниот или истите излезни, но со помалку користени ресурси. Ефективноста во образованието се однесува на проблемот дали мноштвото ресурси имаат влијание врз постигнувањата на училиштето и ако е така, колкаво е тоа влијание. Имајќи предвид дека кога се согледува ефикасноста не се споредуваат употребените ресурси или нивната вредност со постигнувањето на дефинираните цели или со други зборови-тоа што е ефективно не мора да биде ефикасно. Презентираните дефиниции, при дефинирањето на ефективноста, директно го насочуваат вниманието на реализацијата на образовниот процес како постигнување на она што е планирано, односно целите на едукативната дејност, додека при

дискусијата за ефикасноста станува збор за односот на клучните резултати и користените ресурси.

Кога станува збор за организирањето на воспитно-образовниот процес како и во сите останати општествени сфери и тука човекот е битен фактор. Така знаењата систематизирано и насочено се организираат на повеќе степени и насоки во зависност од пошироките општествени интереси. Покрај интересите на државата важни се и целите кои се зацртани да се постигнат со едукативниот и воспитно-образовниот систем на земјата. Организацијата на воспитно-образовниот систем опфаќа мрежа од институции и организации кои на најефикасен и најсовремен начин го остваруваат едукативниот процес на сите утврдени степени и во согласност со потребите на пазарот на трудот. Тие институции ги опфаќаат предучилишните установи, основните училишта, училиштата за средно образование, високите школи, факултетите, установите за образование на возрасни, специјалните образовни училишта и слично. Предмет на ова истражување е временската организација на наставата во средното образование  како фактор кој влијае врз квалитетот на наставата.

Организирањето е една од менаџерските функции и се дефинира како структуирање на работните односи на начин кој овозможува вработените да работат заедно за да ги постигнат поставените цели. Задачата на менаџерот е на најдобар можен начин да ја креира структурата на работните односи со организирање и екипирање. Тоа вклучува групирање на луѓето според специфичноста и видовите на работните задачи, односно претставува функција која мора да ги идентификува потребите на работната сила и другите чинители, да има увид во профилот и квалитетот на кадарот што му е на располагање, вработува нови кадри, врши селекција, организира обуки, го организира времето за работа и други активности.

# I ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## *1. ВРЕМЕНСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ*

Примарната временска рамка за организирање на наставата ја поставува Министерството за образование и наука на почетокот на секоја училишна година. Министерството за образование и наука го објавува Календарот за организација на учебната година во јавните основни средни училишта(Службен весник на РСМ, бр. 156 од 30.7.2019 година). Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во јавните средни училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната година. Учебната година во јавните средни училишта започнува на 1 септември, а завршува на 31 август, а Наставната година започнува на 2 септември, на пример за 2019/2020 година и завршува на 10 јуни 2020 година, освен за учениците од завршната година за кои редовната настава завршува на 19 мај 2020 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија и тоа- I (прво) и II (второ) полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември и завршува на 31 декември. Второто полугодие започнува на 19 јануари и завршува на 10 јуни. Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор па така оваа учебна година зимскиот одмор започнува на 1 јануари 2020 година и завршува на 20 јануари 2020 година додека пак летниот одмор започнува на 11 јуни 2020 година и завршува на 31 август 2020 година. Заради подготовки и полагањето на државна матура за учениците од завршните години во текот на училишната 2019-2020 на средното образование кои ќе полагаат државна матура, училишна матура или завршен испит во јунскиот испитен рок, јавните средни училишта во времето од 20 мај до 26 мај 2020 година **организираат** подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски и завршни испити. За учениците од завршните години на средното образование кои

ќе полагаат државна матура, училишна матура или завршен испит во августовскиот испитен рок, јавните средни училишта во времето од 16 јуни до 30 јуни 2020 година **организираат** подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски и завршни испити. Јавните средни училишта во времето од 12 јуни до 19 јуни 2020 година и од 10 август до 14 август 2020 година **организираат** подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испити за побрзо напредување.

Во продолжение со член бр.9 се уредува работната недела (38) како организациска едница на воспитно-образовната работа за учениците.

Со членот бр.10 е уреден бројот на наставните денови во јавните средни училишта кој во завршната година е најмалку 166 дена, а во сите останати години треба да се остварат најмалку 180 наставни денови. Со Член 27 од Законот за средно образование се укажува дека наставниот час во јавните училишта трае 45 минути и од теоретски аспект часот е основна временска единици во организирањето на наставата. Оттука и бројот на часовите седмично што треба да се организираат за учениците во соглсност со наставните планови и програми и бројот на часовите со кои се регулира работата на наставникот, 40 часа седмично.

Временското организирањето на наставата во две смени не е определено со Законот за средно образование туку е регулирано интерно со Статутот на Училиштето, кој го уредува Куќниот ред на училиштето, во зависност од условите каде се изведува наставата и бројот на запишаните ученици.

### 1.1. Актуелната состојба во средното образование

Средното образование, кое е задолжително и бесплатно, е поделено во четири вида: гимназиско, средно стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни образовни потреби. Меѓу постоечките сто дваест и четири (124) средни училишта, сто и осум(108) се јавни, а преостанатите шеснаест(16) се приватни. Од средните јавни училишта дваесет и три (23) се

гимназии, четириесет и три (43) се стручни, триесет и три (33) нудат и гимназиско и стручно образование; четири(4) училишта се за ученици со посебни образовни потреби и пет (5) се уметнички училишта. Дваест и три (23) средни училишта на Град Скопје, а дваест и шест(26) во градот Скопје од кои четири(4) во Општина Карпош.

Во периодот од 2000 до 2015 година, средните училишта во Република Македонија учествуваат во Програмата за меѓународно оценување на ученици (ПИСА) со која се мери колку учениците на вораст од 15 години се оспособени за читање со разбирање, се математички описменети и се описменети во областа на природните науки.

Со член 1 од основните одредби во Законот за средно образование(„Службен весник на Република Македонија“бр. 64/2018) се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието.

Со член 2 од истиот Закон се потенцира дека во средното образование се остваруваат планови и програми за гимназиско и стручно образование. Средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат како јавни средни училишта (средно општинско училиште, односно средно училиште на Градот Скопје и државно средно училиште) и приватно средно училиште. Дејноста што се остварува во средното училиште е од јавен интерес и се врши како јавна служба. Членот 97 (1) укажува на тоа дека Средното училиште има статут. Со статутот особено се уредуваат: организацијата и вршењето на воспитно-образовната дејност, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работата на осредното училиште. Статутот на средното училиште го донесува училишниот одбор, а според член 4 на статутот на средното училиште согласност дава Министерството.

Во статутот на СУГС „Георги Дмитров“ од Скопје е потенцирано организрањето на задолжителната настава ќе се реализира во две смени. Прва (I ) и втора (II) година во една, трета (III) и четврта (IV) година во друга смена, а ќе се менуваат

наизменично на две седмици. Во временскиот периодот меѓу двете смени ќе се реализираат проектните активности, дополнителната, додатната настава и слободните активноси. Првата смена започнува во 7 и 30 часот, а завршува во 13 часот и 05 минути. Втората смена започнува во 14 часот и завршува во 19 часот и 35 минути.

Во Статутот на СУГС „Орце Николов“ од Скопје, во делот за организирање на воспитно-образовната работа во училиштето со Член 11 се, потенцира дека основната дејност на ова средно училиште како воспитно образовна установа е настава којашто се реализира преку наставни планови и програми за гимназиско образование, поделени во следните три подрачја:

- Природно-математичко подрачје, со комбинација А или Б на изборни предмети;

- Јазично-уметничко подрачје, со комбинација А или Б на изборни предмети;

- Општествено-хуманистичко подрачје, со комбинација А или Б на изборни предмети.

Со членот 13 исто така се уредува организирањето на воспитно образовната дејност во училиштето кое се организира и изведува во паралелки, групно и индивидуално. Бројот на учениците во паралелки не може да биде помал од 25 и (да ја надминува бројката) поголем од 34 ученици. Паралелка може да се формира и со помал број на ученици од 25, но по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерство за образование и наука, што исто така влијае врз временската организција на наставата.

Член 14 - Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува во учебни години и се организира во согласност со Календарот за организација на работата во средните училишта донесен од Министерот.

Член 17 - Наставата во училиштето се одвива во рамките на петтодневна работна недела, во две смени. Првата смена започнува во 7.30 а завршува во 14.05 часот, а втората смена започнува во 13.00 а завршува во 19.30 часот. Наставниот час во училиштето по правило трае 45 минути. Овде а потенцирано дека наставниот час

по правило трае 45 минути, бидејќи најчесто се скратени шестиот и седмиот час, а онаму каде што има и осмиот час. Со членот 19 се регулира работата во училиштето се одвива по Куќен ред кој го донесува Училишниот одбор на СУГС Гимназија „Орце Николов“- Скопје. Куќниот ред содржи одредби за организирање на: работното време за изведување на наставата; работното време на другите служби во училиштето; редот за влегување во училишната зграда на вработените, учениците инадворешните лица;

Член 19 –Организирањето на настава е во согласност со наставните планови и програми со кои се уредуваат: целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди, профилот на наставникот кој ја реализира наставата, задолжително користење на информатичко-комуникациските технологии во училиштето за реализација на воспитно-образовната работа како и други облици на воспитно-образовна дејност.

Член 20 - Воспитно-образовната работа во училиштето опфаќа:

- општо образование;
- изборни предмети;
- проектни активности;
- додатна, дополнителна и подготвителна настава;
- слободни активности на учениците;
- временско организирање на екскурзии;
- испити.

Член 21 - Во училиштето се организира:

- додатна настава за ученици кои покажуваат исклучителен успех;
- дополнителна настава се организира за ученици кои заостануваат во совладувањето на програмските содржини и покажуваат континуирано слаби резултати во учењето по поедини предмети, ако имаат најмалку две слаби оценки по два наставни предмети, ако отсуствуваат од

наставата по одреден наставен предмет како и на барање на ученикот или неговиот родител. Ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет. Училиштето најдоцна до 20 септември во тековната учебна година треба да истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот да го достави до Државниот просветен инспекторат. За наставникот кој неоправдано нема да ја реализира дополнителната односно додатната настава согласно истакнатиот распоред ќе се поведе постапка за дисциплински престап согласно Законот за средно образование.

Од статутот на СГГУ на ГС „Здравко Цветковски" организарањето на задолжителната настава е во контекстот дека основна и најширока форма за остварување на целите и задачите на средното образование и воспитание е наставата. Во неа се вклучени сите посебни видови заеднички активности на учениците и наставниците во совладувањето на воспитно – образовните содржини. Наставата се одвива во две смени во часови во траење од по 45 минути. Првата смена започнува во 8.00 часот, а завршува во 13 и 45 додека втората смена започнува во 13 и 45, а завршува во 19 и 30.

Во статутот на ова училиште се особено дефинирани проектните активности како посебно подрачје во наставниот план чијашто функција е задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделни области. Поради својата специфичност, тие се разликуваат од наставните предмети и затоа се реализираат во рамките на годишниот фонд на часови /70 часа/ од I доIII и 60 часа во IV година, по слободен избор на ученикот. Сите проектни активности од наведените области може да се реализираат во секоја од четирите години на школувањето, освен активностите од областа на граѓанската култура кои може да се реализираат само во трета и четврта година.

За успешно реализирање на проектните активности наставниците ќе обрнат посебно внимание на планирањето кое треба да биде флексибилно и прилагодено

на потребите и интересите на учениците. Наставниците треба да се јавуваат во улога на ментори, консултанти и обучувачи. Проектните активности ќе се реализираат во време прифатливо за учениците и кое нема да се поклопува со редовниот седмичен распоред на часовите. Тие не се оценуваат (ни бројчано, ни описно), но секој ученик мора здолжително да ги реализира според предвидената програма во текот на секоја наставна година. Одговорниот наставник води посебна евиденција за реализацијата на проектните активности и прави извештај за секој ученик. За секоја проектна активност ученикот изработува портфолио во кое се евидентира видот на проектната активност и времето и местото на нејзината реализација. Менторот ја следи и ја потврдува реализираната проектна активност и реализацијата на годишниот фонд на часови предвиден за проектните активности ја верификува класниот раководител.

За разлика од другите училишта во ова училиште се организира и курсна настава која нема подготвителен карактер туку како што Кристофер Безина (Bezzina,C., 2012) го нарекува значајни услуги за учениците кои се осбено важни за квалитетот на образованието. Ако учениците пројават интерес, ќе се организира курсна настава за совладување на одделни содржини со факултативен карактер и тоа: еколошко образование, хумани односи меѓу половите, сообраќајно-техничко образование и др. Курсот трае 30 часа.

Консултативна настава се организура за учениците кои сакаат да го променат профилот или струката, учениците упатени на поправен испит, испит на година, како и вонредни ученици, се организираат консултации и друг вид на помош во совладувањето на одделни содржини.

Според Статутот на СУГС Гимназија „Никола Карев“ наставата во училиштето се одвива во рамките на петдневна работна седмица. Училиштето работи во две смени. Наставниците во првата смена работат започнувајќи од 7.00 до 13.00 часот, а во вторат смена од 13.00 до 19.00 часот, но не е потенцирано времето кога започнува и завршува наставата за учениците. Наставниот час во училиштето трае 45 минути. Во рамките на Статусот чл.41 вели дека работата во училиштето се одвива по Куќен ред кој го утврдува Училишниот одбор на училиштето. Куќниот ред

содржи одредби за работното време за изведување на наставата, работното време на другите служби во училиштето, редот за влегувањето во училишната зграда на вработените, учениците и надворешните лица.

Од Статутот на средните училишта, а врз основа на наставните планови за гимназиско образование произлегува дека треба временски да се организираат вкупно во редовната настава:

- 29 седмично или 1044 годишно во првата и третата година од образованието;
- 29 седмично или 957 годишно во четвртата година од образованието;
- 31 седмично или 1116 годишно во втора година часови од образованието;
- 70 часа во текот на годината за задолжителни проектни активности;
- 5 часа месечно за секој предмет во зависност од потребите на учениците задолжителна дополнителна настава;
- 5 часа месечно за задолжителна додатна настава;
- консултативна и курсна настава;
- часови за подготовка за испити и полагање училишна или државна матура, за активности на клубови, секции од повеќе области и слично!

Од функционален аспект организацијта на образованието подразбира подредување на деловите од системот за функционирање на системот како целина. Дејноста на организацијата треба да е осмислена и целосообразна активност со помош на која просторно и временски се подредуваат одредени човекови активности и средства. Временската организација на наставата на определен и ограничен простор треба да биде со цел да се постигнат одредени ефекти однапред поставени пред воспитно-образовниот и едукативниот систем. Од функционален аспект тоа е една од функциите на организирањето и на управувањето. Се поставува прашањето дали толкав број часови може да се реализираат кога училиштата работат во две смени.

## 1.2. Национална стратегија за развој на образованието

Сеопфатната стратегија за образованието на Република Македонија за 2018-2025 година претставува основа за активностите на Владата на Република Македонија. Таа е изградена врз достигнувањата кои веќе се постигнати во образовниот систем и цели кон тоа постепено да ги подобри истите, во согласност со утврдените приоритети.

Владата на Република Македонија ги смета образованието, обуката, истражувањето и иновациите како клучни фактори за зајакнување на националната економија и добросостојбата на граѓаните. Во овој контекст, како визија што е определена со оваа Стратегија може да се смета заложбата да се обезбеди сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон ученикот, со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент.

Според визијата, Стратегијата ќе биде насочена главно кон подобрување на:

- содржината на образованието и нејзината релевантност за развојните приоритети на македонското општество (особено кога се работи за формирање продуктивни и ангажирани граѓани)
- за потребите на пазарот на трудот,
- за прифаќањето на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција,
- почитувањето на различностите и демократските вредности;
- инфраструктурата на образовниот систем, вклучително градбите, опремата, наставните и асистивните технологии, со цел да се обезбеди соодветна средина за учење во целина и вклучување на лицата со посебни образовни потреби;
- капацитетите на човечките ресурси, вклучувајќи ги раководните лица, кадарот и стручните служби;

- квалитетот и делотворноста на образовниот процес;
- законодавството, управувањето и финансирањето.

Постојат теми што се заеднички за образовниот систем во целина. Со цел да се задржи што е можно појасна логика на Стратегијата, како и за да се обезбеди нејзино поефективно управување и спроведување, дел од овие хоризонтални теми се систематизирани како:

- подобрување на средината за учење и обезбедување квалитетно образование за сите нивоа;
- подобрување на содржината на образованието – за сите нивоа (дополнително и усогласување со потребите на пазарот на труд) – особено преку воведување на стандарди на учење базирани на резултати од учење;
- подобрување на организацијата и управувањето на институциите – за предучилишно, основно, средно образование.

За овој труд е особено важна последната точка во која се нагласува подобрувањето на организацијата и управувањето на образовните институции. Тие кои управуваат со нив треба да се залагаат за временска организација која ќе ги здоволи потребите на новото време. Да се создаде временска рамка за едукативни и други воспитно-образовни активности на учениците и наставниците кои ќе резултираат со квалитетно знаење, развиени вештини во согласност со општествените потреби и на сеопшта корист и задоволство.

## 2. ПОИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И СРОДНИ НА НЕГО ПОИМИ

Поимот образование се среќава за прв пат во 19 век и е еден од основните дидактички поими. Се дефинира (Gardner, Howard, Mindy L. Kornhaber, Warren K. Wake,1999) како процес на стекнување знаење, вештини и навики, формирање поглед на светот и психофизички развој. Со еден збор образованието го сочинуваат знаењето и вештините како единство.

Според целта разликуваме општо и стручно образование. Општото образование е наменето за сите бидејќи се однесува на знаења, умеења и навики

кои помагаат во одредени животни и општествени услови и овоможува разбирање на светот во кој живееме. Стручното образование е во фунција на професионалната дејност. Се однесува на знаења и вештини потребни за работа во конкретно подрачје. Тоа е образование кое го оспособува поединецот за успешни професионални задачи. Способноста е својство на поединецот што му овозможува успешно да извршува некоја активност. Овој поим во својата содржина опфаќа три важни карактеристики: способност која му е својствена на човекот, а доаѓа до израз во неговата дејност и се однесува на успешна, а не на било каква човекова дејност. Образованието е важно за развој на сите видови способности:

- *сензорни (рецептивни)* засновани на сензорната ативност;
- *мануелни (практични)* засновани на активниот однос на ученикот кон одреден материјал заради негово трансормирање и обликување;
- *способност на изразување* што подразбира говор, читање, пишување, цртање и сл.;
- *интелектуални/ментални* способности како што се мислење, резонирање, решавање проблеми кои се основа за развивање на сите останати способности.

Способностите не се однапред дадени, туку тие се развиваат. Развојот на способностите зависи од диспозицијата (внатрешни фактори), од надворешната средина во која што детето се развива (надворешен фактор), но и од активностите на самото дете. Затоа наставата има исклучително важна задача со бројни и разновидни активности да го помага и унапредува развојот на неговите способностите.

### 2.1. Знаењето, вештините и компетенциите како компоненти на образованието

Знаењето претставува систем од научно проверени и логички поврзани факти и генерализации на поими од природата, општеството и човештвото кои поединцот во случајов ученикот ги сфатил, усвоил и трајно ги задржал во својата свест. Фактите

се конкретност, односно поединости за објективната стварност кои се очигледни, репрезентни, неспорни, проверливи. Освен познавањето на фактите, знаењето опфаќа и познавање, генерализација или апстракција на поими, закони, правила, принципи, методи, хипотези, теории, системи и слично. Знаењето се создава во интеракцијата на единката, нејзините способности да мисли и учи, но и ситуацијата и средината како **организирачки можности** да учи. Така дефинирано знаењето е општествено условено. Токму по неговата оштественост се разликува од интелегенцијата или интелектулната способност која исто така е еден од важните фактори за постигнување, развивање и операционализирање со знаењето, но не до таа мера општествено условена. Во најопшто значење, интелегенцијата е способност за решавање проблеми, а во себе вклучува многу различни димензии како што се на пример: општа интелигенција, практична, социјална, емоционална интелигенција и слично.

Знаењето може да биде со различен квалитет. Квелитетот на знаењето зависи од степенот на усвоените факти и генерализации во наставниот процес. Во настојувањето знаењето да се степенува на скала од еден до пет, направена е повеќекратна таксономија на знаењето. Целта на усвоените таксономии е покрај останатото да му се помогне на наставникот при вреднувањето или оценувањето на успехот на ученикот, но и квалитетот на наставата.

Имајќи го во предвид квалитетот на знаењето, се разликуваат повеќе нивоа:

- *знаење како сеќавање* е најнизок квалитет на знаењето.
  Карактеристично за ова ниво е дека учениците само се сеќаваат на некои содржини за објективната стварност. На ова ниво само се сеќаваат дека нешто учеле, но за тоа не знаат ништо;
- *знаење како препознавање* е карактеристично по тоа што учениците можат точно да препознаат некои наставни содржини, знаат на што се однесуваат, но не можат да ги објаснат и образложат;
- *знаење како репродукција* го карактеризира тоа што учениците ја знаат наставната содржина до ниво да можат да ја репродуцираат. Овие знаења на се употребуваат во секојдневниот живот;

- *знаење како примена,* оперативност или оперативно, уште и активно или функционално знаење, е висок квалитет на знаење. За ова ниво на знаење е карактеристично што учениците наставната содржина умеат да ја објаснат и што е најважно умеат да го применат во конкретни секојдневни ситуации;
- *креативното или творечко знаење* е највисокиот степен на знаење во хиерархијата на знаењето. Ова највисоко ниво на знаење го карактеризира тоа што ученикот врз основа на стекнатото знаење напредува понатаму и создава ново знаење. Ученикот е оспособен знаењето од една област успешно да го применува во други области (трансфер) или врз основа на веќе постоечкото умее успешно да создава ново знаење и нови творби.

Поимот вештини најчесто се однесува на ниво на изведување или манифестирање на нешто што се учело како на пример колку ученикот точно и брзо изведува или повторува определена задача или активност. Порано овој поим се поврзувал со психомоторната способност, управување со некоја алатка, инструмент, а денес се зборува за сознанија или когнитивни вештини од типот: обработка на определени информаци, донесување одлука, решавање проблем, комуникација, делување врз основа на информација и слично. Оттука вештините се создаваат за насочено и добро организирано однесување на поединецот кое се стекнува со пракса, а се изведува со минимален физички и умствен напор.

Покрај многуте значења што современите научници му ги придаваат на поимот компетенции , кој е исто така културолошки условен, неговото значење не е неспорно: компетенциите се мост помеѓу образованието и потребите на единката за идната професија. Поимот компетенција функционално ги обединува образованието, усовршувањето и самонаобразбата во односот на потребите на единката, општествената заедница и пазарот на трудот. Европските земји се определиле за пристап во кој компетенциите претставуваат збир од знаење, вештини, вредности, ставови, особини на личноста, мотивација и образец на однесување со кои поединецот располага и кои во зависност од

потребата ќе ги активира за успешно решавање на некој проблем или задача. Развојот на знаењето, вештините, ставовите и однесувањето кои одговараат на стандардите за успешно решавање на проблемите, задачите или работите, односно оспособувањето на поединецот да биде компетентен може да се обезбеди со воспитување и образување.

Компетенциите кои се потребни за решавање на некоја определена задача, а кои се ограничени од ситуацијата и времетраењето најчесто се нарекуваат посебни или специфични компетенции. За разлика од нив општите, генерални или клучни компетенции, се применливи во различни области и создаваат основа за развој и примена на посебните компетенции. Овие компетенции пак не се директно врзани за одредена област или струка бидејќи се потребни во широк спектар на ситуации и дејности. Типични компетенции од овој вид се:

- *инструменталните компетенции* како што се усната и писмената комуникација, способноста за анализа и синтеза, способност за прибирање на информации од различни извори, планирање, познавање странски јазици, работа на компјутер и сл.;
- *интерперсонални компетенции* како што се способност за работа во тим, способност за комуникација, етичност и сл.;
- *системски компетенции* како што се примена на знаењето во пракса, развиени истражувачи вештини и слично како и други компетенции кои се применуваат во најразлични области на животот и дејноста на поединецот.

## 2.2. Наставата како основен облик на образовниот процес

Наставата е најважната активност која се одвива во училиштата. Наставата е многу сложен, плански организиран процес во кој учениците треба преку сопствената активност, водени од компентенциите на наставниците, да стекнат знаење, вештини, навики и нормално психофизички да се развиваат (Đorđević, J.,1981). Наставата ја сочинуваат два процеса: процес на поучување за кој е одговорен наставникот и процес на учење за кој е одговорен ученикот. Поучувањето и учењето се две страни на еден процес, кои зависат една од друга, меѓусебно се

поддржуваат и унапредуваат. Во наставниот процес учениците со своите психички и останати карактеристики кои го олеснуваат или отежнуваат процесот на учење и наставниците кои исто така со своите професионални и други карактеристики можат овој процес да го направат помалку или повеќе успешен.

### 2.2.1. Фактори на наставата

Порано се сметало дека основни елементи, така наречен дидактички триаголник на наставата се: наставниците, учениците и наставната содржина врз чија основа се остваруваат проектирани цели. Во современата дидактика доаѓа до проширување на дидактичкиот триаголник па така, покрај учениците, наставниците и наставната содржина како фактор кој значајно влијае врз процесот на наставата, се појавуваат и методите во наставата или методи на учење. Основа за реализација на успешната настава се наставните цели и внимателно одбраните наставни методи кои се насочени кон постигање на определените цели. Поврзувањето на целите и методите како два основни елементи во процесот на наставата, треба да ги обезбеди наставникот. Значи, успешната настава има прецизно дефинирани наставни цели и способност на наставникот да одбира методи, да координира со активностите на ученикот кон остварување на тие цели. Ученикот како субјект во наставата, наставната цел како содржина на учењето, наставникот како организатор на наставниот процес и методите на настава како учење го сочинуваат дидактичкиот четвороаголник од најважните фактори на наставата. Важно е да се нагласи дека е потребно да се воспостави рамнотежа меѓу овие четири фактори за да се постигне квалитетна настава.

За квалитетна настава се важни сите спомнати фактори бидејќи, наставата како сложен и комплексен процес не би можела да функционира без било кој од нив. Врската помеѓу ученикот, целите односно содржината од која произлегуваат целите, наставниците и методите на учење е меѓусебно. Интересирањето и мотивацијата за постигнување на целите на учењето кај учениците може да бидат поттикнати од наставникот и семејството, но и од самата содржина на учењето. Наставникот влијае на ученикот бидејќи ја планира наставата и ги дефинира целите, дитактички ги обликува содржините и поставува пред учениците задачи во

согласност со нивните можности, потребите и интересот. Учениците кон содржината треба да се однесуваат активно, мисловно да се ангажираат за да ја совладаат содржината и да ги постигнат целите на учењето. Во процесот на учењето учениците ја преработуваат содржината со тоа што од неа прават нова структура и ја усвојуваат на свој начин.

### 2.2.2. Односите во училницата и атмосферата во наставата

Покрај когнитивните активности од кои највеќе зависат резултатите на наставата, значајни за процесот на учењето се мотивацијата и односи помеѓу учениците и помеѓу учениците и наставниците (Havelka, N.,2000). За да може активностите на учењето планирано да се одвиваат, наставниците применуваат и процедури кои важат за односите во училницата. Со своите ставови и однесување наставниците треба да ја одржуваат довербата кај учениците и нивните способности, да покажува однос на почитување, поддршка и разбирање. Во креирање на позитивната клима за учење најважна е комуникацијата која наставникот ја остварува со учениците. Атмосферата за учење ќе биде позитивна доколку комуникацијата е двосмерна, како помеѓу наставникот и ученикот, така и помеѓу самите ученицици. Атмосферата на поттикнување која ја промовира наставникот со своето однесување кон учениците, како и правилата воспоставени во процесот на учењето треба да го поттикнуваат ученикот на работа. Наставникот кој оддржува пасивен однос кон наставата може да предизвика кај ученикот отпор кон учењето и неговите барања. Како резултат на бројни истражувања во кои е испитувано влијанието на наставниците врз постигнувањата на ученикот може да се заклучи дека успешноста на наставата е во директна поврзаност со умешноста на наставникот да ја прилагоди наставната содржина според неговата тежина, методите на работа на часот и брзината на напредувањето со индивидуалните карактеристики на учениците. Успешното управување со процесот на учење бара способност од наставникот адекватно да ги комбинира различните постапки, процедури, методи на работа, во согласност со специфичноста на социјалните групи и усмерувајќи ја активноста на ученикот кон поставените цели.

### 2.2.3. Видови настава

Во педагошката литература (Bognar, L. i Matijević, M. 2002) се наведуваат различни видови настава: редовна/задолжителна и изборна, индивидуализирана, програмирана, додатна, дополнителна и слободни активности.

Редовната настава се реализира врз основа на однапред утврдени наставни планови и програми со конкретни цели учениците да стекнат знаење и совладаат вештини кои ќе допринесат за нивиниот психофизички развој. Редовната настава во средните училишта, поточно во гимназиите има општообразовен карактер во првите две години, а во средните стручни училишта наставата се реализира како стручно- теориска и стручно -практична настава.

Во индивидуализираната настава процесот на проучување се прилагодува на секој ученик имајќи ги во предвид неговите способности и други карактеристики. Со оваа настава се надминува слабоста на традиционално организираната настава во која фронталниот облик на работа и методи се најпристуни и наставата е еднаква за „нееднакви“ ученици (Vilotijević, 1999). Индивидуалните разлики меѓу учениците од исто временско доба кои се во исто одделение, во смисла на нивниот ментален развој и темпо на напредување, се големи. Врз основа на постојано следење на напредувањето кај секој ученик наставникот може да собере показатели кои му се потребни за индивидуализација на наставата. Треба да се прави разлика меѓу индивидуализирана настава и индивидуален облик на работа. Како што може од предходно кажаното да се согледа индивидуализираната настава е планирана за секој ученик поединечно во согласност со неговите потреби (посебности). Индивидуалниот облик на работа се поврзува исто така за работа со еден ученик, но задачите не се прилагодени на поединецот туку сите ученици работат на исти задачи.

Карактеристично за програмираната настава (Poljak, V. 1991) е тоа што во неа содржината се разделува на повеќе делови и на учениците им се интерпретира дел по дел. По совладувањето на секој од овие делови се врши проверување на знаењето на учениците на начин што тие одговараат на прашања и ги решаваат поставените проблемски задачи. После секој одговор кој што го дале ученикот има веднаш

можност да ја провери неговата можност. Тоа непосредно запознавање со резултатите за учењето служи како главна мотивирачка сила во програмираното учење. Во програмираната настава лекциите се разделени на голем број мали единици (секвенци), а ученикот потпомогнат или мотивиран од познавањето на резултатите ги совладува една по една единица (секвенца). Единиците се поврзуваат со знаењето кое што учениците порано го стекнале, се додека не ја научи целината која се добива со поврзувањето на сите делови. Основна мотивација во програмираното учење е познавање на постигнатите резултати, па затоа треба да се има во предвид дека постигнатите резултати треба да делуваат како награда, а не како казна. Учениците не смеет да имаат многу неуспешни одговори. Програмите мора да бидат изработени така да најслабите ученици можат да имаат само 5% погрешни одговори. Програмираниот наставен материјал не е рационално да се применува за повторување и проширување на знаењето. Денес постојат голем број можности наставата да се поврзе со современите дигитални технологии.

Дополнителната настава се организира за учениците кои од различни причини не го постигнале потребниот успех во текот на редовната настава. Дополнителната настава (Poljak, V. 1991) се организира паралелно со редовната настава, во текот на училишната година, со цел на учениците да им се помогне во совладување на содржината во која заостануваат. Во текот на редовната настава учениците можат од различни причини да заостанат во совладувањето на наставната содржина. Една од причините може да биде и нивното отсуство од наставата. Најчести причини за отсутвување на учениците од наставата се болест или самоволно напуштање на часовите, па според таа логика дополнителната настава би требало да се организира само за мал број ученици. Но денес искуството покажува дека е многу поголем бројот на ученици кои имаат потреба да ја посетуваат дополнителната настава. Доколку од одредени предмети во учењето заостануваат поголем број ученици, причините за заоставување се најчесто од друга природа. Ако во рамките на еден наставен предмет во учењето заостануваат поголем број ученици причините треба да се бараат во квалитетот на наставата. Наставата не е квалитетна ако таа не е прилагодена кон ученикот. Неприлагодената настава е

онаа во која наставниците не ги земале во предвид можностите на учениците, во која наставниците најчесто предаваат и во која нема организирани активности на учениците за реализација на поставените цели, во која комуникацијата меѓу учениците и наставниците е едносмерна и најчесто се движи од наставникот кон ученикот. Бројноста на учениците во одделението исто така може да биде една од причините за слабиот успех на учениците. Во одделенијата со голем број ученици наставниците немаат доволно време да го следат напредувањето на учениците, да ги воочат нивните пропусти и да дадат соодветни препораки за нивно надминување. Планирањето на наставата и подготувавањето за час може исто така да биде причина за заостанувањето на учениците , доколку е насочено кон одделението како целина. Во таквите подготовки за час нема барања насочени кон група ученици или поединци. Учебниците се исто така напишани како за просечни ученици. Процес на организација и реализација на дополнителната настава поминува низ повеќе етапи: наставниците треба најнапред да ги идентификуваат учениците на кои им е потребна дополнителна настава. Пред да донесат конечна одлука кои ученици треба да посетуваат дополнителна настава, наставниците треба да ги применат сите средства за наставата да биде доволно квалитетна. Двосмерната комуниација меѓу наставниците и учениците, како и меѓу учениците, на наставникот му обезбедува информации за тоа колкава е мотивацијата кај учениците, нивното внимание, мислење, што научиле, а што не и слично. Врз основа на ваквите сознанија наставникот врши избор на ученици кои треба да ја посетуваат дополнителната настава. За успешна дополнителна настава важно е да се утврдат вистинските причини за слабите постигнувања на учениците. Утврдувањето на вистинските причини заради кои учениците заостануваат подоцна ќе ја олеснат насоката и начинот на кој ќе им се помогне на учениците да го надоместат пропуштеното и да фатат чекор со учениците во одделението. За идентификација на причините за заостанувањето на учениците можат да се користат разни тестови, разговори со родителите, писмени задачи, набљудување на однесувањето на учениците во различни ситуации во училиштето, преку разговор со учениците и слично. Исто така предметниот наставник може да го побара мислењето на колегите за некои ученици. Создавање целосна слика за однесувањето и учењето на учениците може

да го насочи наставникот на избор на вистински, соодветни методи и техники со за работа со тие ученици, а при тоа да се очекува постигнување на подобар успех. Откако ќе се утврдат причините заради кои учениците заостануваат во учењето, како и најчестите содржини и поими кои на учениците им претставуваат потешкоти, наставникот може да ја планира дополнителната настава. Наставниците треба во планирањето на дополнителната настава треба да ги определи целите, нивото на кое учениците треба да ги усвојат содржините, да планира дидактичо-методичка организација на часовите, оносно да ги определи методите и подготви наставниот материјал и средства и да го определи начинот на кој ќе го вреднува трдуот на учениците.

Во реализација на дополнителната настава можат да се применуваат различни облици и методи на работа. Пожелно е да се применува индивдуализиран пристап, некогаш групен облик на работа, со примена на сите средства и материјали кои може да го поттикнат работењето, учењето  на ученикот. Најважно е за учениците да се приспособат обемот и сложеноста на наставниот материјал, да им се даваат јасни упатства, да се следи нивното разбирање и упатсва како да учат. Како и во редовната настава и во дополнителната настава наставникот треба да има информации кое ниво го постигнал ученикот. Следењето и вреднувањето на работата на ученикот мора да биде постојана етапа на часовите за дополнителна настава. Во зависност од повратните информации наставникот може повторно да им го објасни на учениците тоа што им е нејасно и да ги упати на начинот како да дојдат до очекуваните резултати. Следењето на учениците кои посетуваат дополнителна настава треба да продолжи и во редовната настава за да се спречи повторно заостанување во постигнувањата.

Додатната настава во училиштата се организира за учениците кои се особено надарени и кои имат интерес за посебни наставни области. Целта е на овие ученици да им се овозможи развивање на нивните таленти. Програмата за додатната настава (Poljak,V.,1991) се изработува врз основа на програмата на редовната настава. Не станува збор за проширување на поставената програмата со нови теми, туку за продлабочување на веќе постоечките теми, а задачите кои на овие ученици им ги

поставуваат се на повисоко ниво. При изборот на ученици за додатна настава одличната оцена не треба да биде единствен критериум. Имено, ученикот може да има одлична оцена само врз основа на вложениот труд и усвоеното знаење, а не врз основа на изразениот особен интерес или пројава како афинитет. За да се утврди дали ученикот е талентиран за определен предмет, потребно е следење со помош на педагогот, психологот и родителот. Учениците треба да ја посетуваат додатната настава само доколку имаат интерес за определен наставен предмет, способност и желба побрзо да ги развива своите таленти. Најприменети облици на работа во додатната настава се индивидуализираните и групните форми на работа. Бидејќи станува збор за надарени ученици во додатната настава треба да доминира учење по пат на решавање проблеми, учење по пат на откривање што повеќе извори на информации за употреба и што повеќе материјал за работа.

Во училиштата се организираат часови за задолжителни слободни активности (Poljak, V., 1991) на кои учениците ги задоволуваат и развиваат своите лични интереси. Значењето од организирањето на слободните активности било да се задолжителни или слободни, во училиштата е повеќезначајно. Можноста сами да избираат активности со кои ќе се занимаваат им дава на учениците чувство на задоволство, развива самоиницијатива и творештво, допринесува за нивна социјализација, им овозможува афирмација и самопотврдување и допринесува за менување на односот на ученикот кон училиштето, затоа што покрај задолжителните наставни активности во училиштето постојат и оние за кои самите се определуваат. Слободните активности кои не се задолжителни се организираат како секции и клубови. Можат да бидат организирани во областа на науките како научни групи, од областа на техниката, од културата, уметноста и спортот.

### 2.2.4. Наставен час

Водењето и насочувањето на ученикот низ процесот на наставата и учење во училиштата се организира на наставниот час. Наставниот час е временска и дидактичка организациска целина која одржува интерактивен однос меѓу наставникот, ученикот, наставните содржини/цели и дидактичко-технолошката подршка на наставата. Во образовниот систем каков што е нашиот наставниот час

најчесто е организациска временска единица. Еден час треба да трае или најчесто трае 45 минути. Часот треба да биде составна, содржинска, логичка, психолошка, организациска и временска целина и мора да има точно определено место во денот и седмицата (Vilotijević, M.1999). Наставниот час ја одржува микроструктурата на наставниот процес. Од успешно реализираните часови зависат конечните резултати од работата во училиштето.

Со Член 27. од Законот за средно образование се укажува дека наставниот час во јавните училишта трае 45 минути, а часот по практичната настава и вежби во претпријатија, установи и дуќани, по правило, трае 60 минути.

# *3. КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА*

## 3.1. Синонимот ефективна настава

Денес многу повеќе поимот квалитетна настава са заменува со јазичниот израз *ефективна настава* или на него сродни изрази како што се на пример: ефективен наставник, ефективна настава, ефективно училиште или ефективна училница како ефективна практика и слично.

Потеклото на зборот ефективно произлегува од латинскиот збор effectivus, што значи креативен, продуктивен или ефективен. Ефективност подразбира барање да се изврши избор на вистинските цели, а потоа со користење на постоечките ресурси, материјални, човечки, да се реализираат однапред избраните цели. Ефективноста е способност за постигнување на посакуваниот резултат или способноста да се постигне сакaниот резултат. Кога нешто се смета за ефективно, тоа значи дека има намера да создаде длабок, јасен впечаток или очекуван резултат. Во математиката како наука, ефективното понекогаш се користи како синоним на алгоритамска пресметка. За разлика пак во физиката, ефективната теорија е слична на феноменолошката теорија, и е претставена како рамка наменета да објасни одредени (набљудувани) ефекти без тврдењето дека теоријата правилно ги моделира основните (незабележителни) процеси. Во управувањето, ефективноста се однесува на добивање на вистинските работи. Питер Дракер (Peter F. Drucker, 2006) потсетува дека „ефективноста може и мора да се научи“. Во интеракцијата

помеѓу човек-компјутер, ефективноста се дефинира како точноста и комплетноста на задачите на корисниците при користење на системот. Често е збунувачки да се прави разлика помеѓу ефикасноста и ефективноста иако во основа се вели дека ефективноста ги прави работите исправно, додека ефикасноста ги прави вистинските работи. Оваа изјава индиректно нагласува дека изборот на целите на производниот процес е исто толку важен како и квалитетот на тој процес. Во споредба со различните статистички постапки, ефикасноста е мерка за квалитетот на проценителот, на експерименталниот дизајн или на постапката за тестирање на хипотези. Во суштина за поефикасно оценување, експеримент или тестирање треба помалку забелешки за да се постигне одредена изведба. Релативната ефикасност на две процедури е односот на нивната ефикасност, иако честопати се користи овој концепт, каде што се прави споредба помеѓу дадена постапка и наизменична „најдобра можна“постапка. Ефикасноста и релативната ефикасност на две процедури теоретски зависи од големината на примерокот достапна за дадената постапка, но често е можно да се користи асимптотичната релативна ефикасност (дефинирана како граница на релативната ефикасност како што расте големината на примерокот) како главна споредбена мерка.

Ефикасен, ефикасност е придавка што означува нешто што дава добар резултат, успешен, сигурен. Синоноим за успешен, а антоним на неефикасен. Ефикасност претставува барање да се реализираат избраните цели, со минимално користење на постоечките ресурси, поточно со нивното рационално користење. Ефикасност е (често мерлива) способност да се избегне губењето на вложените материјали, енергијата, напорите, парите и **времето** во нешто или во добивање на посакуваниот резултат. Во поопшта смисла, тоа е способноста да се прават работите добро, успешно и без трошоци. Во повеќе математички или научни термини, претставува мерка за степенот до кој влогот(влез) е добро искористен за одредена задача или производ (излез). Ефикасноста ја опфаќа способноста со примена на напорите да се постигне специфичен исход со минимална количина или количество отпад, трошок или непотребни напори. Ефикасноста се однесува на многу различни вложувања и резултати во различни области и индустрии. Општо земено,

ефикасноста е мерлив концепт, квантитативно одреден во соодносот на корисното производство со вкупниот трошок. Ефикасноста често може да се изрази како процент од резултатот што би можел идеално да се очекува, на пример, ако нема загуба на енергија (материјални средства) поради триење или други причини, во тој случај 100% вложеното ќе се искористи за да се добие саканиот резултат. Во некои случаи ефикасноста може индиректно да се квантифицира со непроцентуална вредност, на пример специфичен импулс.

Ефикасноста и ефективноста се термини кои можат, во некои случаи, да бидат заменети само со терминот со терминот ефективност. Зборот ефективен понекогаш се користи на квантитативен начин што подразбирада биде многу ефикасен или не многу ефикасен". Сепак, ниту ефективноста ниту ефекасноста не информираат за правецот (позитивен или негативен) и за споредбата со стандардот на дадениот ефект. Ефективноста, од друга страна, е степенот до кој се постигнува саканиот ефект; способноста да произведе сакана количина на посакуваниот ефект, или успехот во постигнувањето на дадена цел. Спротивно на терминот ефикасност, фокусот на ефикасноста е постигнувањето како такво, а не ресурсите потрошени за постигнување на саканиот ефект. Затоа, она што е ефективно не е неопходно ефикасно, и она што е ефикасно не е нужно ефективно. Други синоними за ефикасност вклучуваат: моќност, способност, успех, тежина, перформанси. Антоними за ефикасност вклучуваат: бескорисност, неефикасност. Во овој контекст ефективната настава подразбира примена на различни наставни методи, позитивна клима во училницата, ефикасно користење на времето, функционални повратни одговори до учениците, емпатија и непристрасност на наставникот.

### 3.2. Поставување рамка за ефективни училишта

Целта на рамката за ефективни училишта е да обезбеди јасна визија за тоа кои области (наставна програма, временска организација, квалитетот на учебниците и др.) во училишта низ државата ќе допринесат за да им се обезбеди квалитетно образование на сите ученици. Инаку ваквата рамка ги поддржува континуираните напори за подобрување на училиштата преку обезбедување на основа за дијагностичкиот процес, но и основа за усогласување на ресурсите и

поддржување на потребите на секое училиште. Во сржта на ефективните училишта е ефективна настава: интеракциите помеѓу учениците, наставниците и содржината ги одредуваат резултатите од учењето. Ова наставно јадро е зајакнато и поддржано од ефективни, добро поддржани наставници, висококвалитетна наставна програма и позитивна училишна култура. Силното раководство на училиштето и внимателното планирање и организирање опфаќаат и обезбедуваат секоја од овие приоритетни лостови.

Врз основа на прашањето дали вашето училиште е ефективно Кристофер Безина (Bezzina, C. (2012), зборува за единаесет карактеристики за кои смета дека се од суштинско значење за училиштата, да ги имаат во предвид и да ги оценуваат кога се упатуваат да детектираат одговори. Оценувањето (самоевалуацијата) полека, но сигурно станува значајно за сите училишта кои сакаат сериозно да се насочат кон квалитетно образование преку квалитетна настава. Можат да се видат заеднички напори од страна на образовните институции да им помогнат на училиштата да ги разгледаат нивните практики во различни домени. Различни студии, грантови и публикации, прирачници се изготвуваат со намера да обезбедат информации од истражувања со кои би можеле да одредат политики кои директно или индиректно влијаат на она што се случува во училиштата и во голема мера го одредува учењето (наставниците и учениците) што се одвива. Ставот во овој труд е пристапот за квалитететот на наставата да биде заснован како ефективно училиште, за да се оценуваат едукаторите -наставниците, за да си помагаат меѓусебно да ја проценат сопствената ефикасност, да се пронајдат и потврдат факторите кои влијаат на намалување на квалитетот на наставата и нивна елиминација.

Следните единаесет карактеристики за ефикасно училиште се нудат како појдовна точка кон развивање на процес на самоевалуација училиштето.

### *3.2.1. Дали училиштето има менаџер кој е активен менаџер (директор)*

Училишните лидери (директорите на училиштата, тие исто така може да се сметаат за виши менаџери) мора да бидат видливи за училишната заедница - учениците, наставниците, родителите и пошироката заедница. Менаџерот мора да

биде видлив за овие групи со цел да ги одредат нивните потреби и да бараат соодветни методи за обезбедување на тие потреби. Училишните менаџери мора да бидат запознаени со училишните активности, особено во областите на наставната програма, дизајнирањето на наставната програма, развојот и имплементацијата, професионалниот развој на наставниците и растот на учениците. Но еден од најзначајните предизвици на денешницата е временската организација на наставата во училиштата имајќи ја во предвид комплексноста на наставната програма, но и самиот процес. Еден активен менаџер кој е свесен за пулсот на современиот тек на времето треба да го има во предвид ефикасното користење на времето поминато во училиште за ефективно знаење.

### *3.2.2 Позитивна училишна клима*

Треба да се развие или одржува позитивна училишна клима каде наставниците треба да работат и да поучуваат, а учениците можат да учат. Бидејќи поединците и групите се разликуваат во нивните вредности и перцепции за она што е вредно и значајно, тие исто така се разликуваат во нивните описи за тоа кои училишно-климатски услови се најважни. Оние кои се заинтересирани за подобрување на училишната клима користат вештини за да одговарат на проблемите, очекувањата и на подобрување на постоечките услови или иницирање на нови очекувања и услови. Крајната цел е подобрување на учењето или квалитетот на знаењето. Менаџерот, повеќе од било кој друг поединец, е одговорен за климата во училиштето. Наставникот има иста одговорност во училницата, но и одговорност пошироко. Позитивната училишна клима подразбира добро организирана настава за потребите и на наставниците и на учениците од аспект на редовната настава, дополнителната и додатната настава, како и задолжителните проектни активност и воннаставните активности, секции, организации и слично.

### *3.2.3 Доследни и применливи дисциплински политики и процедури*

Дисциплината на учениците денес е на прво место за загриженост за голем број училишта. Сите сфаќаме дека ефективните дисциплински политики и процедури мора да бидат цврсти, фер и конзистентни. Сепак, таквите политики и процедури, исто така, мора да се развиваат, преку процес на комуникација за да ги спроведува

целата училишна заедница. Правата и обврските на учениците мора да бидат признаени и јасно артикулирани во дисциплинскиот код на училиштето. На наставниците мора да им биде дозволено да извршуваат авторитет на цврст, фер и конзистентен начин. Менаџерот на училиштето мора да ги вклучи членовите на училишната заедница и да побара нивна поддршка со цел да се развие и одржи ефективна дисциплина и процедури за нејзино спроведување. Понатаму, комуникацијата помеѓу сите чинители треба да се темели на таквите политики и постапки и познавањето на училишниот куќен ред се од суштинско значење.

*3.2.4. Наставниците имаат големи очекувања за учениците*

Училиштето мора да ги земе предвид ставовите, обуката, мотивацијата, развојот, оценувањето, вклученоста, моралот, стабилноста, методите, стилот, улогата и односот на наставниците со учениците и другите членови на училишната заедница. Училишните лидери не треба да функционираат како администратори кои управуваат со училиштето од границите на нивната канцеларија. Тие треба да бидат енергично ангажирани со своите членови, да бидат активни и буквално да одат на разговор со наставниците. Менаџерите исто така треба да обезбедат време за професионален развој на наставниците.

*3.2.5. Родители кои се вклучени во образовниот процес*

Родителите мора да бидат охрабрени да преземат активна улога во образованието на своите деца. Родителите мора да се препознаат како позитивно средство, а клучот е комуникацијата, грижата и разбирањето за заедничка цел, а тоа е квалитетно образование. Училиштата треба да обезбедат време за сорботка со родителите.

*3.2.6. Продуктивни методи за оценување на наставната програма*

Наставната програма на училиштата не треба да се сфаќа како фиксен предмет определен од други. Учесниците во организирањето на работата на училиштето треба да бидат одговорни за развивање програма што е релевантна и значајна за нивните ученици. За секоја програма да биде значајна, таа треба да се оцени од аспект колку се јасно поставени целите и резултатите од учењето. Ова

имплицира дека едукаторите на ниво на училиште треба постојано да се ангажираат во програмите и да ги развиваат. Менаџерите треба со своите организаторски способности да обезбедат можности за наставниците да разговараат за прашања поврзани со курикулумите и други прашања кои директно влијаат врз мотивацијата и учењето на учениците.

*3.2.7.Ефективни методи за оценување на постигнувањата на наставниците*

Училишните лидери мора да обезбедат услови сите наставници добро да подучуваат. Тие мора да создадат клима каде професорите ќе се ангажираат во својот професионален развој заради постојан ангажман во решавањето на слабостите и одржувањето на силните страни. Наставникот е оној што треба да биде сериозно сфатен од сите оние кои сакаат да обезбедат квалитетно образование. Училиштето е местото каде што со помош на профилот за управување со ефикасноста и портфолиото наставникот добива важна функција во професионалниот развој на сите едукатори.

*3.2.8.Последователни методи за развој и проценка на напредокот на учениците*

Многу од ученици низ образовниот систем се движат без насока, без концепт за можности за кариера и немаат желба да ги реализираат своите способности или интереси. Заедницата и училиштето мора да преземат иницијатива за да ги поттикнат учениците да постигнат добри резултати и да покажат интерес. Додека наставниците признаваат дека учениците учат со различна стапка и имаат сопствени стилови на учење и тие треба да бидат поддржани со цел да се одговори на посебноста на секој поединец. Иако ова е област во која ргнизирањето треба да се надополни со мрежното поврзување кое може да помогне, бидејќи учениците се следат и набљудуваат во нивниот напредок во текот на основното, средното и високото образование.

*3.2.9. Реални погледи на образованието*

Секоја образовна институција мора да ги препознае разновидните потреби на учениците и да понуди разновидна и флексибилна наставна програма за да ги обезбеди тие потреби. Реалната ситуација мора да ја поттикне образовната заедница да биде одговорна за обезбедување на учениците со образование кое ќе им овозможи да функционираат на највисоко ниво во различни области. Во проценката при создавањето на визијата и мисијата на училиштето треба да бидат јасно артикулирани. Додека визијата на училиштето проектира слика за тоа што би можело да биде училиштето во 21 век, мисијата ја објавува својата цел врз основа на верувањата што ги поседува и вредностите што ги промовира.

*3.2.10.Обемна и соодветна програма за ученички активности*

Активностите како што се задолжителните или незадолжителните клубови, училишни публикации, волонтерска работа и спорт можат значително да придонесат кон вкупната училишна клима. Програмата за ученички активности е исто толку дел од наставната програма на училиштето како и формалнита настава. Најголем проблем во организирањето на активностите е секако времето кога тие ќе се реализираат, дури и викендите се предложени за нивно реализирање што не беа прифатени ниту од наставниците ниту од учениците.

*3.2.11. Значајни услуги за учениците*

Можеби најзначајната услуга е функцијата на насочување. Советниците се едукативни професионалци чија специјалност е советување. Учениците имаат потреба од други луѓе кои ќе ги слушаат, ќе им помогнат да се откријат себеси и им даваат можност да истражуваат нови опции. Некои студии (Националниот наставен совет, 2004) и искуството во голем број училишта (особено во секундарниот сектор) помагаат да се зајакне оваа поента. За жал во повеќето образовни системи не се спроведува редовно и на сите нивоа професионална ориентација за учениците иако повеќе од нив пројавуваат интерес за тоа.

*3.2.12.Општ договор за потреба за подобрување на ефективноста на наставата*

Иако постои согласност со главните принципи, целите и задачите, честопати се означуваат несогласувања околу методите за нивно постигнување. Сепак, постои општ договор за потребата од подобрување на ефикасноста и ефикасноста на образовниот систем. Ефикасното училиште е наменска организација чии членови бараат, преку заеднички напор, да постигнат утврдени цели. Училишните системи се составени од луѓе, а луѓето ќе утврдат дали системот успева или стагнира, им помага на своите ученици ефективно да ги трошат ограничените ресурси, меѓу кои и времето предвидено за наставата. Може да се идентификуваат други карактеристики, од суштинско значење и треба да започнат со поврзување и активно вклучување во критички дискурс.

### 3.3. Други перцепции за квалитетна настава

Кога станува збор за наставата во училиштата во 21 век истражувањата говорат дека треба да бидат фокусирани на училишната организација, на работи кои се во тесна врска со раководењето и управувањето на училиштата, врз основа на други аспекти во проучувањето на наставата како што е когнитивната невронаука. Можеби современиот менаџмент треба да ги има во предвид сфаќањата на современата невронаука за спиењето и ефектите што се докажани кај деца на различна возраст (Foster,2007). Тинејџерите се многу ненаспани и тие покажуваат недостаток од сон, отако ќе заспијат. Постојаните периоди на редуцирано спиење даваат слаба можност за активни дејства, што се мисли на зголемени грешки, недоволно внимание, слаба меморија, намалени ментални и физички реакции, намалена мотивација, намален ризик и зголемена депресија. Практиката да се започне со училиште рано наутро, но и да се биде во училиште доцна попладне доведува до слаба вклученост и активност на учениците. Активноста на возрасните или на наставниците веројатно е дека е поголема наутро, што се смета дека е една од причините зошто училиштата почнуваат со настава како и инсистирањето тешките наставни предмети да се стават меѓу првите на распоредот. Треба да се пронајде начин како да се надмине овој круг кога станува збор за иднината на наставата. Доколку се одговори на овие предвизици само со употреба на конвенционални методи во образовниот систем и преку професионалниот развој на

наставникот, не се исклучува веројатноста тие да бидат несоодветни, а при тоа да не се има во предвид ефикасноста на времето поминато во училиште.

### 3.4. Индикатори за мерење на квалитетот на наставата во образовниот процес

Се поставува прашањето, во контекст на разбирањето на квалитетот на наставата, кои индикатори се најрепрезентативните показатели за ефективноста и ефикасноста на образовните активности. Деспотовиќ (Despotović 2010, стр. 235) вели дека кога станува збор за обемот или видот и бројот на индикаторите кои ги опфаќа проценката, може да разликуваме четири вида на евалуација во областа на образованието:

- евалуацијата на образованието (учесници, наставен план, настава, структура и организација на системот,
- оценување на наставата (цели, процеси, достигнувања и наставни ресурси),
- евалуација на наставните програми (процеси и процедури за развој на наставните програми, релевантност и функционалност на компонентите)
- и евалуација на евалуацијата (евалуација на примарната евалуација, пристап, систем, програма, инструменти, резултати, самите оценувачи и предложени корективни и иновативни мерки).

Ефективноста и ефикасноста може да се согледаат преку серија индикатори идентификувани во секој чекор од реализацијата на образовните активности (селекција на учесниците, организација на системот и ресурси, развој на наставната програма, процедури, достигнувања итн.). На тој начин се подразбира дека мониторингот и мерењата во образованието може да се спроведат низ целиот процес со заедничка цел: да се разбере дали овој процес се одвива на начин кој води до резултатите што се предвидуваат и со кои ресурси и какви ресурси се спроведуваат. Даглас М. Винхем (Windham, 1988) ги разликува индикаторите за мерење на ефикасноста и ефикасноста на таканаречената продукција во образованието и показателите за ефикасноста и ефективноста на образовниот процес. Првата група се состои од мерења поврзани со предавачи / инструктори,

простор и опрема, материјали и административна поддршка. Во рамките на другата група мерења, мерењата вклучуваат однесување и ангажирање на наставниците, учесниците и администрацијата. Резултатите од мерењето се резултати (производи) - резултати кои се веднаш видливи и исходи (резултат на процесот) се долгорочни резултати. Индикатори за излез / производ се количината и нивото на запаметеното (на пример, резултатите од тестовите или испитите), различни достигнувања во учењето (на пример, транзиција кон следното ниво), однесување (на пример, мотивација или регуларност на присуство) и показатели за процесот / исходот се продолжение учење, вработување, ставови, приходи.

Министерството за образование и наука води постојана грижа за подобрување на квалитетот на образованието и постигањата на учениците во Република Македонија. Еден значаен сегмент за дијагностицирање на конкретните состојби е имањето стандардизирани објективни индикатори за мерење на нивото на тој квалитет. За таа цел Државниот просветен инспекторат во соработка со меѓународни и локални експерти, а со поддршка на Програмата на УСАИД за човекови и институционален развој, подготви Индикатори за квалитетот на работата на училиштата. Целта и намената на овие индикатори е да овозможат прецизен увид во работата на образовните институции и да дадат препораки за подобрување. Индикаторите се организирани во седум клучни области (соодветни на рамката за самоевалуација и на интегралната евалуација) кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето. Секоја клучна област содржи одреден број на индикатори за квалитет. Секој индикатор има одреден број на теми кои се однесуваат на одредена активност што се следи во училиштето.

- Подрачје на вреднување: *Наставни планови и програми*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите и темите: за организација на наставните планови и програми: применувани наставни планови и програми; информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми; прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби; избор на наставни предмети; реализација на проширени програми; квалитет на наставните планови и програми; родова и етничка

рамноправност и мултикултурна сензитивност вонаставните програми и учебните помагала; интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала; интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието; влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми; воннаставни активности; обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности; опфатеност на учениците со воннаставните активности; вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности; афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности.

- Подрачје на вреднување: *Постигања на учениците*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите и темите: постигања на учениците; следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди; подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата); идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби; подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава;следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклуси од едно до друго ниво на образование задржување/осипување на учениците;опфат на учениците; редовност во наставата; осипување на учениците; премин на ученици од едно училиште во друго; повторување на учениците; ученици што не ја завршуваат.

- Подрачје на вреднување: *Учење и настава*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите и темите: планирање на наставниците; поддршка и следење на планирањата на наставниците; индивидуални планирања на наставниците; размена на искуства и информации при планирањето на наставата; наставен процес; наставни форми и методи; избор на задачи, активности и ресурси; интеракција меѓу наставниците и учениците; приодот на наставникот кон учениците; следење на наставниот процес; искуства на учениците од учењето; средина за учење; атмосфера за учење;

поттикнување на учениците за преземање одговорност; интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните на училиштето; задоволување на потребите на учениците во наставниот процес; идентификување на образовните потреби на учениците; почитување на различните потреби на учениците во наставата; оценувањето како дел од наставата; училишна политика за оценување; методи и форми на оценување; користење на информациите од оценувањето во наставата; известување за напредокот на учениците; известување на родителите за напредокот на учениците.

- Подрачје на вреднување: *Поддршка на учениците*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите и темите: севкупна грижа за учениците; заштита од физички повреди и елементарни непогоди; превенција од насилство; заштита од пушење, алкохол и дрога; квалитет на достапна храна; поддршка на учениците со телесни пречки во развојот; грижа за ученици од социјално загрозени семејства; здравјето на учениците; хигиена и заштита од болести; грижа за ученици со здравствени проблеми; советодавна помош на учениците; пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување; грижа за ученици со емоционални потешкотии; следење на напредокот; водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците; анализа на напредокот на учениците по паралелки.

- Подрачје на вреднување: *Училишна клима*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите и темите:училишна клима и односи во училиштето; углед/имиџ на училиштето; кодекс на однесување; училишна клима; поведение и дисциплина во училиштето; партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки; промовирање на постигањата; промовирање на личните постигања на учениците; промовирање на постигањата во име на училиштето; еднаквост и правичност; познавање на правата на децата; еднаков и правичен третман на сите ученици; прифаќање и промовирање на мултикултурализмот; партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница; соработка на училиштето со

родителите; соработка со локалната заедница; соработка со деловната заедница и невладиниот сектор.

- Подрачје на вреднување*: Ресурси*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите и темите: сместување и просторни капацитет; просторни услови; искористеност на просторните капацитети; наставни средства и материјали; опременост со стручна литература и наставни средства и помагала; училишна библиотека; потрошен материјал; обезбедување на потребниот наставен кадар; број на вработени и соодветност на наставниот кадар; ефективност и распоредување на кадарот; стручната служба како поддршка на наставниот кадар; следење на образовните потреби на наставниот кадар; професионален развој на наставниците; финансиско работење во училиштето; постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење; транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет.

- Подрачје на вреднување: *Управување, раководење и креирање политика*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите и темите: управување и раководење со училиштето; управување со училиштето; раководење со училиштето; цели и креирање на училишната политика; јасност и соодветност на целите; процедури за креирање на училишната политика; развојно планирање; цели на развојното планирање; професионален развој/стручно усовршување на кадарот; материјално-технички средства; инфраструктура.

Истражувањето во овој труд исто така се темели на индикаторите во клучните области и темите. Опфатени се вонннаставните активности, постигањата на учениците; индетификација на учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици; редовност во наставата; наставниот процес; атмосфера за учење; интеракција на учениците и наставниците; оценување на учениците; задоволување на потребите на учениците; организирање дополнителн и додатна настава; соработка со родителите; советодавна помош за наставниците и учениците;

поведение и дисциплина; училишна библиотека и стручна литература; наставен кадар; ефективност и распоредување на кадарот; материјални услови и друго.

## 4. ПОИМОТ ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО МЕНАЏМЕНТОТ

Со процесот на организирање менаџерите воспоставуваат структура на работни односи помеѓу вработените, со цел да им се овозможи ефикасно и ефективно да ги остварат организациските цели. Кога менаџментот (Gareth R. Jones, Jennifer M. George, 2008) на една компанија ќе одлучи каков вид на работни ставови и однесувања очекува од своите вработени, тие креираат определена поставеност на работните задачи и авторитетот на односи, а истворемено промовираат специфични културни вредности и норми, со цел овие посакувани однесувања и ставови да се остварат во реалноста. Еден од главните предизвици со кои се соочуваат сите компании е дизајнирање на организациска структура и култура кои истовремено ги мотивираат вработените и менаџерите напорно да работат кон остварување на целите и да развиваат прифатливи однесувања и ставови. Со ваквата организациска структура и култура исто така се настојува да се координираат акциите на вработените, групите, функциите и остварување на компаниските цели.

*Организациска архитектура* е комбинација од организациска структура, култура, контролни системи и менаџмент на човечки ресурси т.е. системите кои заедно определуваат колку ефикасно и ефективно се искористени организациските ресурси.

*Организациска структура* (Chadler, A.,1962) е формален систем на задачи и работни односи кој ги координира и мотивира членовите на организацијата да работат заедно за остварување на поставените цели.

При дизајнирањето на организациската структура постојат неколку основни елементи и постапки кои треба да бидат исполнети за да се оствари посакуваниот успех, како што се: поделбата на вкупниот процес на работа помеѓу поединците и групите; формирање на одделни сектори во форма на работни групи и определување на нивните задачи; формирање на организациона хиерархија со која се определува авторитетот и одговорностите во рамките на организацијата како и

координација на активностите на одделните сектори и останатите работни групи и нивна интеграција во една кохерентна средина.

Секоја (Lim, M., G. Griffiths, and S. Sambrook 2010) организациона структура е определена од три компоненти

- степен на комплексност;
- степен на формализација;
- степен на централизација.

*Комплексноста* подразбира степен до кој работата во компанијата е специфицирана т.е. до кој степен активностите се поделени на поодделни извршители.

*Степенот на формализација* покажува колку организацијата се потпира врз претходно определени правила и постапки за насочување на однесувањето на вработените.

*Степенот на централизација* упатува на распределбата на авторитетот и начинот на одлучување во организациската структура.

## 4.1.Фактори кои влијаат при изборот на организациска структура

Фактори кои влијаат на организациската структура се: организациското окружување, стратегијата, технологијата и човечките ресурси.

Организациската структура (Miller, D., 1987) зависи од променливоста на екстерното окружување, особено доаѓа до израз ако се менува брзо и во тој случај најкорисни се пофлексибилните структури и претприемачки култури. Тие се со тенденција да го децентализираат авторитетот т.е. да ги овластат вработените на пониските нивоа да донесуваат важни одлуки и да ги застапуваат промените и иновацијата-органска форма на организирање. За стабилно екстерно окружување без поголема неизвесност, менаџерите преферираат да донесуваат одлуки во рамките на јасно дефинирана хиерархија на авторитет-механичка форма на организирање.

Стратегијата ги определува средствата за нејзино имплементирање, па така различните стратегии наметнуваат примена на различни организациски структури и култури. Оттука стратегијата на диференцијација обично најдобро успева во флексибилна структура, а стратегијата на ниски трошоци најдобро напредува во поформална структура и поконзервативни норми кои им даваат на менаџерите поголема контрола над активностите во различните организациски одделенија. На корпоративно ниво треба да дизајнираат флексибилна структура за да обезбедат доволна координација меѓу различните бизнис сектори или при меѓународно ширење и работење ги предизвикува менаџерите да креираат организациски структури флексибилни на глобално ниво .

Технологијата претставува комбинација од вештини, знаење, машини, и компјутери кои се користат за дизајнирање, производство и дистрибуција на производи и услуги. Зависноста со организациската структура е правопропорционална, оттука колку е покомплицирана технологијата толку е поголема потребата од флексиблна структура и прогресивна култура. Спротивно на тоа колку е технологијата порутинска посоодветна е формална структура бидејќи за едноставни задачи чекорите се однапред утврдени( Stopford, J.,1972).

Значаен фактор кој влијае на организацискиот избор на структурата и културата се карактеристиките на човечките ресурси кои ги вработува. Колку е покфалификувана работната сила и побројна која работи во групи или тимови толку е поголема веројатноста да се применува флексибилна и децентрализирана структура и професионална култура каде се истакнува автономија на вработените и самоконтрола. При дизајнирањето на порганизациската структура и култура треба да посветат поголемо внимание на потребите на работната сила врз основа на комплексноста и видот на работата која ја извршуваат вработените.

Организациското екстерно окружување, стратегијата, технологијата и човечките ресурси се фактори кои менаџерите треба да ги земат во предвид во потрага за дизајнирање на најдобра структура и култура во организацијата.

## 4.2. Видови организациски структури: флаксибилни и формални

При дизајнирањето на организациската структура, менаџерите можат да избираат помеѓу неколку стандардни типови на организациска структура, но исто така можат да се одлучат за комбиниран вид структура. Организационата структура треба да овозможи висок степен на економска самостојност на организацијата. Таа треба да воспостави модел на организација кој нема да биде статичен, туку постојано ќе се прилагодува кон настанатите промени во надворешното и внатрешното опкружување. Недоволното прилагодување на организацијата кон напредокот и промените во опкружувањето доведува до намалување на економската ефикасност во однос на очекуваната економска ефикасност на организациската структура на претпријатието кон степенот на развој во економијата.

Во секоја организација постојат два типа организациона структура: формална и неформална. Во теоријата, кога се зборува за организациона структура, обично се мисли на формалната организација.

*Формалната организациона* шема ја претставува официјалната и експлицитно утврдена структура на организацијата. Официјалната структура ја образуваат официјалните односи меѓу организациските ресурси, утврдени од страна на менаџментот. Со неа се определени задачите на секој поединец во организацијата и комуникациите помеѓу вработените. Формалната организација го искажува групирањето на одделните работни задачи во посебни организациони единици и нивната меѓусебна координација.

*Неформалната организација* се јавува како резултат на политичката природа на организацијата и ја акцентира специфичната природа на луѓето, односно човековата димензија. Оваа неформална структура постои во сите организации и настанува како последица на многу димензионалноста на човековата природа и потребата за одредена припадност на луѓето, но и како последица на проблемите и потресите што се јавуваат во организацијата кои вработените ги артикулираат. Најразличните потреби на луѓето не можат да бидат целосно опфатени со формалната организациска структура. Исто така, формалниот дизајн е

прилично неефикасен кога станува збор за динамичко адаптирање на воспоставената организациона структура на променетите услови во опкружувањето.

*Неформалната структура* може да премине во формална доколку односите меѓу луѓето се дефинираат, плански се насочуваат и структуираат. Но и формалната структура во некои случаи може да се трансформира во неформална, ако воспоставената структура на односи не се применува и вообичаено се заменува со неформални односи.

*Организациски дизајн* (Chaild, J.,1977) е процес со кој менаџерите креираат специфичен вид на организациска структура и култура, за да може организацијата да работи на најефикасен и најефективен начин. Организациски (Robbins.S.,2003) дизајн со кој се дефинира организациска структура на фирмата е средство со кое се компонира организацискат култура. Најпрепорачлива е рамна (flat) структура, во која секој вработен има право да комуницира со својот претпоставен, а одлуките се донесуваат со консензус. Партиципативниот менаџмент со кој секој вработен може да учествува во донесување на одлуките, сечие мислење да биде ислушано, семенаџерски алатки за формирање здрава организациска клима и култура.

Предизвикот со кој се соочуваат организациите е да дизајнираат структура и култура кои ги мотивираат посветено да работат и да ги координираат акциите на вработените, групите, функциите и секторите. Според теоријата на непредвидени ситуации, менаџерите дизајнираат организациски структури за да можат што подобро да ги приспособат факторите и условите кои најмногу влијаат на едно претпријатие и предизвикуваат најголема неизвесност. Според тоа, не постои еден основен шаблон за дизајнирање на организациска структура. Дизајнот треба да ја одразува специфичната ситуација во која се наоѓа една организација. Според некои истражувачи, *механичките* структури би можеле да бидат најдобро решение кога организацијата се наоѓа во стабилна окружување, додека кај организациите кои се наоѓаат во една флексибилна околина, најефективни можат да бидат *органските* структури.

Дизајнирањето на работата е процес со кој менаџерите ги групираат задачите во работа. За да креираат поефективни и поефикасни работи и даим овозможат на

работниците да работат пофлексибилно менаџерите можат да ги прошират и збогатат активностите. Моделот на карактеристиките на работата е алатка која служи да се измерат колку е мотивирачка или задоволувачка определена работа.

При групирање на работите во функции и сектори менаџерите можат да избираат од видовите структури за да остварат најдобра употреба на ресурсите во организацијата. Во зависност од специфичните проблеми на организирање со кои се судираат менаџерите употребуваат функционални, производни, географски, пазарни, матрични, структури на тим и хибридни структури.

Координирање на функциите и секторите. Како растат организаците менаџерите мора да ја зголемуваат интеграцијата и кординацијата меѓу функциите и секторите со помош на улогите на механизмите за интегрирање како што се поврзувач, оперативна група, меѓу функционалните тимови. Без разлика каква структура е избрана менаџерите решаваат како да дистрибуираат авторитет во организацијата, колку нивоа да имаат во хиерархиата на авторитет и каква рамнотежа да создадат меѓу централизацијата и децентрализацијата.

*Организациска култура* е збир од убедувања вредности и норми кои влијаат на начинот на кој луѓето и групите работат заедно да ги остварат целите на организацијата. Организациската култура е (Torrington D., Hall L., Taylor S., 2008) карактеристичен дух и верување на една организација, кои се демонстрираат преку норми и вредности, што луѓето во таа организација вообичаено ги почитуваат, а им покажуваат како треба да се однесуваат еден кон друг, какви работни односи треба да се развиваат и како да се менуваат ставовите.

Сите менаџери и вработени, како поединци, размислуваат карактеристично и се однесуваат на различни начини, но кога овие лица припаѓаат на една иста организација, тие настојуваат да поделат определени уверувања и вредности, што ги водат да дејствуваат на сличен начин заради доброто на целата организација. Организациската култура ја сочинува збир на споделени уверувања, очекувања, вредности, норми и работни навики, кои влијаат на начините на кои поединците, групите и тимовите меѓусебно влијаат и соработуваат, за да ги остварат организациските цели.

Организациска култура е (Harris O.J., Hartman J.S.,2002) збир на културите на поединците или секој поединец доаѓа во фирмата со своја лична социјална култура, врз база на своите ставови и вредности формирани во семејството, училиштето, улицата. Но, секоја организација си има своја култура. Може да постојат две организации кои се занимаваат со иста дејност, но нивните култури се различни. Значи тоа зависи од самите вработени. Успешни, услужно ориентирани фирми на пример, вработуваат личности кои се отворени и пријателски расположени.

Карактеристики на организациската култура се:

- иновации;
- преземање ризик;
- внимавање на детали;
- цел на фирмата;
- колку е таа човечки ориентирана;
- тимска ориентација;
- агресивност и
- стабилност.

Доколку се споредат присуството на овие елементи во организацијата, може да се процени колку таа има сопствена култура.

### 4.3. Видови организациски култури

*Силна или кохезиона култура* имаат организациите каде вработените од организацијата излегуваат од нивниот ресор за да и помогнат на организацијата.

*Приспособливите култури* се оние чии вредности и норми ѝ помагаат на организацијата да расте да се менува за да ги оствари нејзините цели. Организациите со силни и приспособливи култури инвестираат во своите вработени, ја демонстрираат посветеноста кон нивните членови, го нагласуваат долгорочното вработување и обидот да ги избегнат отпуштањата. Развиваат долгорочни патеки за кариера на нивните вработени, вложуваат на обуки и развој за да ја зголемат вредноста на вработените кон организацијата.

*Слаба култура* имаат организациите кои практикуваат краткорочно вработување, минимално инвестирање во вработените кои извршуваат рутински задачи. Вработените не се наградувани заради што имаат мал поттик да ги унапредуваат вештините за да помогнат да ги оствари зацртаните цели.

*Инертна култура* има организацијата во која нејзините вработени развиваат слаби работни односи каде владе несоработка, мрзеливост, незапосленост, ограничени работни норми за резултат и слично.

Со примената на информациските технологии работата на менаџментот значително да се олеснува и да се унапредува, особено со продорот на информациите и знаењата како постојана потреба на менаџерите и другите вработени, како и можноста за моментален увид и пресек на состојбата на сите компоненти од работењето на организацијата во кое било време.

Однесувањето на луѓето во формалните организации има огромно влијание врз многу аспекти од животот. Секој вработен (Jucius, M., 2001) поминува работни часови во организацијата, а ако на тоа го додадеме транспортот од и до дома, јасно ќе видиме дека еден огромен дел од животот човекот го поминува таму каде што мора, а не таму каде што сака. Современите концепти на управување со организациите се стремат ова време да биде што поубаво поминато, а истовремено организациите да бидат што поефикасни. Науката што се занимава со однесувањето на луѓето во формалните организации се (Kreitner, R.Kinicki, A., 1992) вика организациско однесување. Таа го третира поединецот, групите и организациите во нивното однесување. На индивидуално ниво се земаат во обзир вредностите, ставовите, емоциите, карактеристиките на личноста, темперамент, карактер, интелигенција, потреби, перцепција, атрибуција, одлучување, мотивација. За однесувањето на групите и тимовите, важно е како тие се формираат и како функционираат под водство на лидерите, нивната моќ, синергизмот, конфликти. На организациско ниво ефикасната работа на организациите зависи од поставената организациска структура, организацискиот дизајн, комуникациите во организациите, како и организациска култура и организациска клима.

Етичката клима и организацискиот код се многу важни за организациска култура. Високо етичко однесување со чисти визии и почитување на клиентите и вработените од страна на менаџерскиот тим, создаваат висока организациска култура и чувство на припадност.

Во литературата (Jucius, M., 2001) се идентификуваат четири различни типови на организациска кутура, во однос на поимите: социјалност и солидарност.

*Мрежна култура* (висока социјалност, ниска солидарност) Овие членови на организации се фамилии и пријатели- тие се знаат и се сакаат меѓу себе. Несебично си помагаат и заеднички располагаат со информациите. Најголем негативен аспект е што се фокусираат на пријателство и би можеле премногу да се толерираат.

*Мерценарна култура* (ниска на социјалност, висока на солидарност). Овие организации се фокусирани кон целта. Луѓето интензивно работат да стигнат до целта. Ги работат работите брзо и имаат силно чувство за цел. Оваа култура не е само за победување туку и за уништување на непријателот. Се фокусираат на целта и имаат мал степен на политика. Оваа култура има дури и нехуман третман кон луѓето со лоши перформанси.

*Фрагментирана култура* (ниска социјалност, ниска солидарност). Овие организации се направени од индивидуалисти. Тука има мала или воопшто нема идентификација со организацијата. Во оваа култура вработените се грижат за продуктивноста и за квалитетот на нивната работа. Негативност во оваа култура се критиките кон другите и отсуство на колегијалност. Пример, професори на факултети, адвокати.

*Комунална култура* (висока социјалност и висока солидарност). Оваа последна категорија култура го вреднува и пријателството и перформансите. Луѓето имаат чувство дека таму припаѓаат и така се фокусираат на целта. Водачите на овие култури се мошне инспиративни и харизматични со јасна визија за организациската иднина. Единствена лоша страна на оваа култура е што таа им го зема целосно животот на вработените. Организациската култура ја поставува разликата меѓу една и друга организација.Таа за членовите во организацијата

создава чувство на идентитет. Помага во создавање на посветеност поголема од онаа што е од личен интерес на работникот. Ја подобрува стабилноста на социјалниот систем и ја држи организацијата во една компактна целина. Културата служи за создавање на контролен механизам, таа ги насочува ставовите и однесувањето на вработените и таа претставува карактеристика на организациите.

Кога станува збор за теоријата на организацијата на училиштата таа произлегува од општата теорија на организацијта и управувањето и е нејзина специфична конкретизација и адаптација (Петров.Н., 1994). Организацијата на воспитно-образовните институции покрај потпирањето на нови научни принципи од научната организција на трудот има и свои специфичности кои произлегуваат од природата на дејноста и добиениот производ. Оттука теоријата за организацијата на образованието се сфаќа како систем на знаења, сознанија, постапки, препораки и идеи за зависноста, корелациите и односите, како на учесниците во остварувањето на воспитно-образовниот процес така и на оние кои го обезбедуваат неговото непречено одвивање, и обезбедувањето на однапред поставените цели и очекуваните резултати од воспитно-образовниот процес. Можеби теоријата за организацијата на образованието се занимава со проучување и отварање на процесите и на перспективите кои овозможуваат ефикасен педагошко-професионален систем, со нови решенија во организациско-структурниот модел на училиштата, посовремена организација на трудот, поефикасно управување со воспитно-образовните процеси и поприфатливи односи. Праксата покажува дека се неминовни промени во организацијата на временско ниво во училиштата во согласност со промените кои се случуваат во општеството.

# *5. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА*

## 5.1.Пилот програма за настава само во првата смена во Република Србија

Врз основа на претходни истражувања во Р. Србија започнува пилот-програма за работата најпрво на основните, потоа и на средните училиштата исклучиво во претпладневната смена. Од први септември 2019 година започна

проект, кој што е нешто што се предвидува од 2016 година и се смета за стара стратегија на образованието, но досега не било направено умрежување на училиштата, па така една шестина (1/6) од вкупниот број училишта ќе ја развиваат оваа стратегија до 2030 година. Наставниците, родителите и директорите на училиштата се едногласни дека работењето исклучиво во прва смена е одлична идеја, но се скептични околу тоа колку е изводливо. Во врска со скептицизмот на просветните работници и родителите дека проектот е неизводлив заради недоволно простор, фактите покажуваат дека во некои училишта простор има повеќе, а пак во други области има помалку училишта. За едносменската организација на училиштата е долго разговарано, но ништо не е направено, па затоа е од особено голема важност ваквата реформа во образовниот систем да се направи како што треба. По правило училиштата се со тенденција кон едносменска настава, но тоа го реализираат само кога имаат потребни услови. Според истражувањето повеќето училишта моментално ја организираат наставата во две смени, само помал број матични и нивни дисперзирани одделенија како што се обично приградските училишта работат во една смена. Целта на оваа реформа е на учениците да им се понудат добро осмислени и организирани активности по завршувањето на редовната настава, кои би помогнале во нивниот развој како што се спортските активности, разните секции, дополнителната или додатната настава и слично. Во поглед на тоа дали едносменската настава би се поистоветувала со целодневната настава во поглед на организирањето на редовните часови, потоа паузата за ручек и другите вончасовни активности, се зависи од организацијата на училиштата поединечно и дека ќе биде по договор во согласност со родителите. Според истражувањето најскептични се директорите на училиштата кои сметаат дека за едносменска настава едноставно нема просторни можности, а преселувањето во други згради се чини неизвесно. Тие се свесни дека во попладневната смена кај децата паѓа концентрацијата, дека менувањето на смената е лошо за биоритмот, но од друга страна можат во периодот пред почетокот на втората смена да завршат некои од нивните обрвски. Исто така тие посочуваат дека има наставници кои работат во повеќе училишта. Од друга страна свесни се дека за ваквата промена треба да бидат консултрани што повеќе стручни лица како што се педагози, лекари

и други за да може овој комплициран проблем да биде успешно решен. Факт е дека има училишта кои го исполнуваат капацитетот со ученици во двете смени, но во секој случај не ја исклучуваат оваа идеја доколку наставата би траела до 13 часот, а после паузата за ручек би се одело на додатни и дополнителни активности за кои што ќе има простор и време да се одржат. Помалку скептични се наставниците и психолозите од Здружението на наставниците од Средните стручни училишта кои уште пред три години позитивно одговориле на оваа можност. Уште повеќе што организацијата на едносменската настава не е можеби проблем за помалите места па очигледно ќе треба да се решава само во големите градови. Психолозите од нивниот аспект велат дека станувањето наутро во исто време, одењето во училиште допринесува за правилно формирање на работните навики. Тоа е многу подобро отколку една семица да одат претпладне, а втората седмица да одат попладне. Сметаат дека на овој начин многу повеќе ќе имаат време за реализирање на спортските активности како и за дружење. Пилот програмата е по иницијатива на Национално-просветниот совет  кој е поаѓа од фактот дека не постои земја во Европската Унија во која образовниот процес се одвива во две смени. Едносменската работа им овозможува на училиштата и ученците да ги завршат практично сите школски и домашни задачи. Им овозможува на родителите после завршувањето на работата остатокот од времето да го посветат на други воншколски активности со своите деца. Во исто време на овој начин ќе се решат и другите проблеми со кои што се соочуваат учениците, а тоа се преоптеретеност со наставната програма,тешките училишни торби/ ранци, непотребното плаќање на додатна настава и слично. Основците ќе одат на часови само во една смена, а во училиштата ќе остануваат по часовите од 12:30 до 16:30, идејата е на учениците да им се понудат добро смислени активности по редовната настава, така што своето време по редовната настава тие ќе продолжат да го користат во функција на развојот.

Во тој пилот-проект влегуваат вкупно 240 (двеста и четириест) училишта во Србија од сите школски управи. Секако, децата тука добиваат најмногу - учење во училиште под надзор на наставник, повеќе спорт, а ќе се води сметка и за нивната исхрана. Исто така, децата ќе имаат околу педесетина различни содржини, што ќе

го намали насилството во училиштата и тие ќе бидат побезбедни. Покрај тоа, учениците ќе имаат и повеќе информатика. Од друга страна, наставниците ќе добијат работа, што е добро бидејќи поради падот на наталитетот во Србија и затворањето на училиштата тие би можеле да останат без работа, а се водело сметка и за родителите на учениците. Родителите ќе немаат грижи бидејќи на нивните деца им се нуди сè што е наведено и тие во секој момент ќе знаат дека децата се под будното око на наставниците и другите вработени во училиштата. Предвидено е до 2030 година оваа нова стратегија да се воведе во сите училишта во Србија. Доколку се оствари за пет години овој проект прво ќе почне да се применува во основните, а потоа и во средните училишта. Целта на проектот е и да им се помогне на родителите, денес многу родители работат од 9 до 17 часот, а додека да дојдат од работа дома, веќе е 18 часот. Ученикот, според сегашниот концепт, со училиштето завршува во 13:30 и тоа е најчесто сам дома до 18 часот. Целта на оваа реформа е тоа време да го користи за да работи на домашната задача, да учи странски јазик, да се занимава со спорт, да свири на инструмент, да стекнува претприемачки вештини и слично. Во проектот ќе учествуваат училишта кои можат да ги обезбедат неопходните услови - простор, кујна или ако немаат кујна, да обезбедат кетеринг.

## 5.2.Квалитетните услови за школување вклучуваат организација на едносменската настава

Со едносменската настава значајно се подобрува квалитетот на наставниот процес, која вклучува ефективно изведување на наставата во училиштата при усвојувањето на новите знаења, вештини и способности, поквалитетно поминато слободно време, подолго престојување со семејството, поголема вклученост на родителите во наставниот процес, слободен школски простор во попладневните и вечерните саати за разновидно и креативно творештво на учениците преку бројни воннаставни и спортски активности(објавува Brodportal Vrijeme). Исто така, според извештајот на Градот Славонски Брод изнесен во овој портал, се потенцира дека едносменската временска организација обезбедува подобар ефект од работата на наставниците и учениците затоа што се поголеми концентрацијата и мотивираноста во нивната работа, учениците се подисциплинирани и активни во создавањето на

континуитет во работните навики. За бројните предности на едносменската организација на наставата, Градот Славонски Брод и понатаму во согласност со можностите ќе создава услови за квалитетна едносменска работа за сите ученици на училиштата во градот.

# II МЕТОДОЛОШКА РАМКА

## *6. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

### 6.1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражувањето е Квалитетот и временската организација на наставата во средното образование.

### 6.2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на истражувањето е влијанието на временската организација на наставата во две смени врз нејзиниот квалитет.

Во зависност од добиените резултати од истражувањето понатамошна препорака би била укинување на двосменското работење на училиштата, особено важно во процесот на реформи во образованието.

Истражувањето има дескриптивен карактер бидејќи ја анализира постојаната односно присутната ситуација во средните учлишта кои како што кажавме работат двосменски. Истражувњето ќе се врши според методите на квалитативните и квантитативните истражувања, потоа според методите на применетите истражувања кои се насочени кон решавање на практични проблеми и имаат за цел да ги утврдат ефектите и придонесот на новите наставни методи и технологии врз образовните постигнувања на учениците. Покрај тоа што се отсликува процесот на наставата и учењето во нивниот природен контекст се доаѓа до реална слика за воспитно-образовниот процес каде што се доживуваат севкупно настаните во училницата.

Во поглед на трансверзалниот пристап во истражувањето тоа ќе се врши едновремено на различни места односно во повеќе средни училишта.

Трансверазлниот пристап се усогласува со дескриптивната особеност на проблемот на истражување. Во поглед на временската насоченост истражувањето ги има особеностите на современите истражувања бидејќи проучува актуелни проблеми во средните училишта, но во комбинација со прогностичките истражувања бидејќи една од целите на истражувањето се однесува на промена од двоменско во едносменско работење на средните училишта. Комплексноста на ова истражување навлегува во истражувањата од типот на образовната политика бидејќи покрај образовната ја опфаќа и социјалната и стопанска политика во однос на чинителите на воспитно-образовниот процес. Неизоставен дел на современите истражувања се компаративните истражувања кои вршат споредба и би се користеле кај резултатите од квантитативен и од квалитативен карактер. Ќе се искористат за споредување на номиналните и на дескриптивните податоци до кои што ќе дојде ова истржување. Ваквото истражување е емпириско па затоа го користи дескриптивниот метод бидејќи има за цел да ја опише фактичката состојба во средните училишта таква каква што е. Бидејќи во истражувањето постои потреба од вклучување на педагог, психолог или социолог тоа му дава својство на мултидисциплинарно истражување. Ова истражување е во својство на магистерска тема што по однос на учесници на истражувањето ги има особеностите на индивидуално истражување.

### 6.3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се одвива во насока на поставената цел, а во согласност со следните задачи на истажувањето:

- да се направи дескрипција на околностите во кои се одвива наставата во средните училишта според временската организација;
- да се испита и спореди мислењето на наставниците, учениците за квалитетот на наставата во попладневната и претпладневната настава;
- да се испита и мислењето на стручната служба од психолошки и од педагошки аспект за односот меѓу квалитетот и временското организирање на наставата;

- да се идентификуваат активностите во училиштето кои се од особена важност за ефективноста во наставата: постигнат успех (писмена работа, тест, интерактивна настава, редовност, работна атмосфера, дополнителна, додатна настава и наставата која исто така допринесува во успехот и слично;
- да се идентификуваат потребите на учениците и наставниците и дали се исполнети условите за работа во попладневната смена;

## 6.4. ХИПОТЕЗИ

Основната генерална хипотеза произлегува од проблемот на истражувањето, а посебните (помошни хипотези) произлегуваат од задачите и од целта на истражувањето.

Основна генерална хипотеза: Се претпоставува дека наставата временски организирана само во прва смена ќе придонесе за подобрување на квалитетот на образовиот процес што ќе резултира со подобри резултати на учениците.

Помошна хипотеза 1: Се претпоставува дека учењето (наставата) во попладневната смена не резултира со квалитет;

Помошна хипотеза 2: Се претпоставува дека нема работна атмосфера во втората смена;

Помошна хипотеза 3: Се претпоставува дека во втората смена не се реализира додатна и дополнителна настава;

Помошна хипотеза 4: Се претпоставува дека педагошката и психолошката помош е недоволна кога наставата се одвива во две смени;

## 6.5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Зависни варијабли- успехот на учениците во претпладневната смена, како и реализацијата на дополнителната и додатната настава во попладневната смена

Независна варијабла- организација на наставата во попладневната смена.

## 6.6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето кое е спроведено е од теоретско-емпириска природа, а според методите применети во собирање, обработка и интерпретација на податоците спаѓа во неекспирименталните дескриптивни истражувања.

Методи кои што се користат во истражувањето: методи на анализа и синтеза, функционална анализа, компаративна анализа. Со методот на апстракција се изВдојуваат својствата на работењето во една смена, а со методот на конкретизација се издвојуваат посебните својства на наставнот процес во двосменското работење. Од методите на индукција најмногу во овој тип истражување се користи комбинираниот метод на согласување и разлика што припаѓа на каузлната индукција.

Техники и инструменти кои што се користат во истражувањето: квалитативни и квантитативни анализи на прашалниците од категориите испитаници, комбиниран вид како квалитативно-квантитативни, анкета, интервју на мал примерок кое е стрктуирано, закони и законски одредби и слично.

Собирањето на податоците е извршено со паралелна употреба на повеќе истражувачки инструменти и тоа четири прашалници: за наставниците, прашалници за учениците и прашалници за педагозите и психолозите. За педагозите и психолозите дел од прашалникот е користен како протокол за анализа на податоците. Анкетата е анонимна и не е дозволено никакво обележување на прашалникот; Анкетата е дооброволна што анкетарот го потенцира при давањето на прашалникот; анкетирањето е групно, односно се спроведува во училницата. Анкетата е анонимна со цел да се добијат поверодостојни податоци, изготвена во доволен број за сите испитаници и пред почетокот на анкетирањето им се дадоа воведни објаснувања и упатства за пополнувања на прашалникот ( усно или писмено ). На ова гледиште се надоврзуваат експлицитни и имплицитни стандарди какви што се Стандардите/Индикаторите на Државниот просветен инспекторат. Во однос на прашањата во анкетниот лист покрај оние од отворен тип може да се користат и прашања со алтернација, потоа прашања со селекција што значи дека прашалниците може да содржат прашања од комбинираниот тип, скалирани

според Ликертова скала во која има неутрална категорија, а во некои случаи без неутрална категорија. Во преамбулата на прашалниците е дадено објаснување за намената, целта на истражувањето и упатство за начинот на давање одговори. Образецот на инструментите се дадени во прилог 1, прилог 2, прилог 3 и прилог 4.

## 6.7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Проблемот и предметот на истражување битно влијаеше на изборот на примероците за истражување.

Со истражувањето беа опфатени следните училишта и ученици: субјектите односно примерокот беше избран по проценка бидејќи во истражувањето беа опфатени испитаници од иста година на образование, поточно четврта година во гимназиските паралелки. Испитаниците се од редовите на учениците, наставниците, педагозите и психолози. Истражувањето се одвиваше на територијата на Општина Карпош поточно во средните училишта на Град Скопје „Георги Димитров“, „Никола Карев“, „Орце Николов“ и „Здравко Цветковски “, во текот на првото полугодие (ноември и декември) од училишната 2019/2020 година. За потребите на истражувањето беа изготвени анкетни листови (прилог 1, прилог 2, прилог 3 и прилог 4) со прашалници за наставниците, прашалници за учениците и прашалници за педагозите и психолозите. Истражувањето се спроведе на 128 испитаници од кои ученици, наставници и претставници од стручната служба.

## 6.8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Откако се спроведе истржувањето започна фазата на подготовка на податоците за статистичка обработка. Направено е кодирање на податоците заради нивно внесување во софтверски систем. Следната фаза беше внесување на податоците, а потоа е извршено и статистичко нумерирање на резултатите. При изборот на математичко-статистичките постапки се водеше сметка за поставената цел, задачите на истражувањето и видот на податоците кои се обработуваат. Обработката на податоците го опфаќа пресметувањето на аритметичката средина (просечната вредност) во рамките на дескритиптивната статистика. Користен е софтверскиот програм Excel.

## 6.9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Темата е избрана врз основа на личниот интерес на кандидатот, а заради актуелноста на проблемот во регионот. Најпрво беше изработен проект на истражувањето или првично дизајнирање на истражувањето.

Во првиот дел од магистерскоит труд поблиску е опредлен поимот и проблемот на истражување-односот на квалитетот и временската организација на наставата во средното образование. Дадена е примарната временска рамка од Министерството за образование и наука, поточно Календарот за организирање на наставата врз основа на кој треба временски да се организира наставата во јавните средни училишта, неделно и годишно. Од увидот и анализата на Статутите на средните училишта на Град Скопје на територијата на оштина Капош каде се спроведува истражувањето може да се заклучи дека временското органозирње на наставата во две смени го уредува менаџментот на училиштето. Зависи од просторните услови со кои располага училиштето и од бројот на запишаните ученици. Со Куќниот ред на училиштата кој е дел од Статутот поточно се определува работното време на наставниците и организирањето на наставата во две смени: прва или претпладневна и втора или опладневна смена. Во сите училишта опфатени во истражувањата различно е временското организирање на наставата т.е. кога започнува и кога завршува првата, а со тоа и втората смена. Идентични се наставните планови и програми кои основни фактори за временското организирање на наставата, односно учениците се организирани во шест образовни подрачја во воспитно образована работа која генерално опфаќа општо образование, изборни предмети, проектни активности, додатна, дополнителна и подготвителна настава, слободни активности на учениците, испити и слично. Во овој дел земена е во предвид и Националната стратегија за развој на образованието каде во делот за подобрување на образовниот систем во целина е потенцирано подобрувањето на организацијата и уравувањето на институциите.

Откако поблиску е определен поимот на истражување, во трудот се дефинирани основните поими познати како клучни поими. Започнува со поимот за

образование, основната поделеност и општестена оправданост, компонентите кои го сочинуваат образованието.

Во магистерскиот труд во основа се дефинира наставата како мошне сложен и комплексен процес што асоцира дека и нејзиното организирање не е едноставно. Земени се во предвид факторите кои ја сочинуваат и се важни квалитетот на за наставата: наставниците, учениците, наставните содржини и методи. За квалитетна настава се важни сите спомнати фактори бидејќи, наставата како сложен и комплексен процес не би можела да функционира без било кој од нив. Во трудот се особено потенцирани односите и атмосферата во наставата, видовите настава кои секоја година се менуваат според потребите на учениците и општеството и се од големо значење на подобрување на образовниот систем. Дефинирањето на наставниот час е од особено значење за овој труд ако се има во предвид дека тој ја одржува микроструктурата на наставниот процес и е основна временска единица.

Еден од клучните поими на овој труд е квалитетот на наставата или ефективна настава. Дадени се терминолошко-толковните анализи на зборовите ефективност и ефикасност и нивниот замен однос во менаџирањето на процесите. За да се истакне односот меѓу временското организирање на наставата и нејзиниот квалитет, што е основна теза на овој труд, земена е во предвид една општа рамка за создавање ефективни училишта.

Освртот на когнитивните истражувања на наставата сведочи дека менаџерите кои се фокусирани на училишната организација треба да ги имаат во предвид и способноста за активности на наставниците и на учениците.

Во трудот како пример за објективно дијагностицирање и мерење на квалитетот на наставата се дадени индикаторите од седум клучни области и теми кои произлегуваат од нив. Опфатени се вонтаставните активности, постигањата на учениците; индетификација на учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици; редовност во наставата; наставниот процес; атмосфера за учење; интеракција на учениците и наставнците; оценување на учениците; задоволување на потребите на учениците; соработка со родителите; советодава помош за наставниците и учениците; поведение и дисциплина; достапност на училишната

библиотека и стручна литература; наставен кадар; ефективност и распоредување на кадарот; материјални услови и друго.

За потребите на генералната хипотеза на која се темели трудот направено е научно толкување, од аспект на менаџментот, на поимот организирање. Потенцирано е неговото значење како еден од основните менаџерски функции, покрај планирање, координирање, мотивирање и контролирање. Оттука направен е преглед на битните сегменти на органзирањето како што се органзациска структура, органзациска култура и организациски дизајн.

За да се потенцира значењето на проблемот, од анализа на секундарни податоци, дадени се согледувања на релевантни истражувања. Промени во временското организирање на наставата заради одобрување на нејзиниот квалитет има во Република Србија и Република Хрватска.

Во вториот дел од магистерскиот труд напрвена е методолошка рамка на истражувањето (предмет, цели, задачи, хипотези, варијабили, методи, техники, инструменти користени во истражувањето). Предмет на истражувањето е односот меѓу временското организирање на наставата и квалитетот на наставата. Оттука произлегуваат целите на истражувањето односно да се укаже дека во првата смена постојат подобри услови за реализирање на наставата и со тоа се постигнуваат подобри резултати што е цел на наставниците и учениците. Заради оштествено-хуманистичката природа на проблемот истражувањето има дескриптивен карактер кој се темели на анализа и синтеза, квантитативно-квалитативен карактер и употреба на компаративниот метод. Задачите се конкретни и јасни во контекст на целта на истражувањето и се однесуваат на опсервација на моментална состојба, на мислењето на главните учесници во образовниот процес за квалитетот на наставата во двете смени, да се идентификуваат потребите и условите за реализација на истите во попладневната смена.

Поставена е хипотетичката рамка: од основната генерална хипотеза или претпоставка дека наставата организирана само во прва смена ќе разултира со квалитет, произлегуваат помошните хипотези за тоа дека учењето во попладневната смена не резултира со квалитет; работната атмосфера во првата и во втората смена,

во втората смена не се реализираат додатна и дополнителна настава и дека стручната помош е недоволна во втората смена.

Истражувањето кое е спроведено е од теоретско-емпириска природа, а според методите применети во собирање, обработка и интерпретација на податоците спаѓа во нееkспирименталните дескриптивни истражувања. Од инструментите за собирање податоци доминира анонимниот анкетен прашалник со Ликартова скала. Со истражувањето беа опфатени учениците од четврта година, наставниците и стручната служба од во средните училишта на Град Скопје „Георги Димитров, „Никола Карев “, „Орце Николов и „Здравко Цветковски “, во текот на првото полугодие (ноември и декември) од училишната 2019/2020 година, или вкупно 128 испитаници со согласност од директорите на училиштата и од Град Скопје.

Откако се спроведе истржувањето започна фазата на подготовка на податоците за статистичка обработка. Во продолжени на магистерскиот труд се дадени анализите на резултатите од истражувањето.

## 7.АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во рамките на истражувањето се анкетирани 60 ученици и исто толку наставници од четирите училишта во општина Карпош. Заради постигнување на транспрантност, анкетата е спроведена како анонимна, без откривање на припадноста на учениците и наставниците по училишта. Прашалникот се состои од четири дела: првиот дел го сочинуваат прашања кои се темелат на основните индикатори за квалитет на наставата; вториот дел е прашање од отворен тип со можност за коментар; третотот прашање се однесува на можност да се напише пофалба, критика и сугестија за работата во училиштето во втората смена; четвртото прашање е во врска со тоа дали испитаниците имаат искуство со посетување на настава само во една/претпладневна смена со можност да го опишат своето искуство. За секое од прашањата е изработен графички приказ со процентуална, бројна распределеност на одговорите, кои беа дадени како опција. Испитаниците можеа да изберат како одговор на прашањето:

А) Воопшто не се согласувам
Б) Делумно не се согласувам
В) Неодлучен сум
Г) Воглавно се согласувам и
Д) Потполно се согласувам

## 7.1. Резултати од истражувањето за квалитетот на наставата

Во насока да се докаже помошната хипотеза дека учењето во попладневната смена не резултира со квалитет, со помош на зависната варијабла во анализата се поаѓа од проценката на успехот на учениците во претпладневната смена. Во прилог на оваа помошна хипотеза, се и одговорите добиени на констатацијата, како што е: „Постигнувам подобри резултати кога сум на настава претпладне" и првото прашање поставено на наставниците: „Учењето во попладневната смена не резултира со квалитет" може да се заклучи дека само не за занемарување високиот број испитаници(68%) од наставниците и во овој сегмент има најмала разлика меѓу мислењето на наставниците и учениците. Анлизите покажуваат дека проценките и на другите индикатри како предуслов за постигнување добри резултати се н иста процентуална линија со посочените. Фактори кои допринесуваат за подобар успех како домашната задача, активноста на часовите, отсуствата на часовите, достапноста на стручната литература ,одложувањето на писмените работи кога се втората смена, па и соработката со родителите се јасни показатели за тоа дека постигнатиот успех трба да биде основен фактор за временското организирање на наставата.

### 7.1.1. Квалитативно-квантитативна анализа на добиените резултати од анкетираните ученици

Првото прашање беше поставено во контекст на тезата на магистерскиот труд: дали и колку временското организирање на наставата во две смени влијае на квалитетот на наставата, ако како индикатор за тоа го имаме во предвид постигнатиот успех во првата смена.




**Слика 1 Графички приказ на одговорите од првото прашање**

Врз основа на добиените резултати, прикажани на слика 1, може да се заклучи дека голем број од учениците, дури 53% се изјасниле дека воглавно или потполно се согласуваат со поставеното прашање, 15% не се согласуваат делумно, а само 5% воопшто. Дури 27% се изјасниле дека се неодлучни.

Во врска со третото прашање се потенцира дека во менаџирањето со времето треба да се има во предвид и времето за обврските кои ги имаат учениците надвор од училиштето, но се во нераскинлива врска со училишните обврски и имаат значително влијание врз постигнувањата на учениците. Неодлучни по ова прашање се изјасниле 15%, 30% се изјасниле дека воопшто не се согласуваат (17%) односно дека делумно не се согласуваат (13%), има 55% од учениците кои делумно(17%) и потполно (38%) се согласуваат дека немаат време за домашните задачи кога се во попланевната смена.




**Слика 2 Графички приказ на одговорите од третото прашање**

Редовноста на учениците на наставата е еден од проблемите со кои се соочуваат училиштата денес. Многу почести се отсуствата од наставата, а интерактивната настава се спроведува во училница и истата резултира со подобри постигнувања на учениците, што значи дека редовноста е битна за ефективното училиште. На слика 4 се прикажани резултатите добиени од ова прашање.




**Слика 3 Графички приказ на одговорите од четвртото прашање**

Во негативна конотација, 23% од учениците се изјасниле дека не се согласуваат(15% воопшто и 8% делумно) со констатацијата дека почесто се отсуствува од попладневната смена, 32% се неодлучни бидејќи во првата смена

најчесто се изостанува на првите часови. Со констатацијата дека отстуството во попладневната смена е позачестено, отколку во претпладневната смена се согласуваат: 15% воглавно, односно 30% потполно.

Прашањето под бр.5 се осврна на потребата од стручна и друга литература и дали истата им е пристапна на учениците во попладневната смена. Прашањето е поставено бидејќи работното време на административната служба која го менаџира пристапот до литература не е прилагодено за двосменското работење на учениците. Доколку се погледнат одговорите добиени на ова прашање, дури 48% од учениците потполно (30%), односно воглавно (18%) се согласуваат дека постои потреба од стручна и друга литература во попладневната смена. Значителен број од испитаниците, односно 37% се изјасниле дека се неодлучни и само 15% делумно или воопшто не се согласиле, дека постои ваква потреба.




**Слика 4 Графички приказ на одговорите од петтото прашање**

Со поставување на ова прашање, се дава обид да се укаже на важноста со временското организирање да се има во предвид и времето кога работат другите служби кои се дел од образовниот процес: библиотеката, административната служба меѓу кои и правната и педагошко-психолошката служба, социолог, дефектолог и сл.

### 7.1.1. Квалитативно-квантитативна анализа на добиените резултати од анкетираните наставници

Првото прашање, поставено во прашалникот за наставниците е дали учењето во попладневната смена резултира со квалитет. Графички приказ на резултатите е даден на слика 16.




**Слика 5 Графички приказ на одговорите на првото прашање за наставниците**

Исказот дека учењето во попладневната смена не резултира со квалитет е во директна корелација со тезата на магистерскиот труд. Од вкупниот број анкетирани наставници 40% воглавно и 28% проценти потполно се согласуваат дека не се постигнува квалитет во наставата кога се одвива во попладневната смена. Мал процент се неодлучни, само 5% , додека 18% делумно не се согласуваат и 9% воопшто не се согласуваат.

Со цел да се потврди веродостојноста на резултатите добиени од анкетата во првиот исказ, е поставена неговата преформулација, а се однесува на констатацијата дека во претпладневната настава се постигнуваат подобри резултати на тестовите (слика 17).




**Слика 6 Графички приказ на одговорите на второто прашање за наставниците**

Не се согласуваат воопшто 13% и делумно 8% , поголем процент се неодлучни или 10%, помал е бројот на испитаници кои потполно се согласуваат 17% и за нивна сметка поголем е бројот на испитаници кои воглавно се согласуваат, кој претставува 52% од вкупниот број.

Активноста на учениците е дел од  наставниот час. Третото прашање го испитува мислењето на наставниците, дали во попладневната смена учениците ги исполнуваат поставените задачи. Од особена важност е фактот дека 38% воглавно и 17% потполно се согласуваат дека учениците не ги исполнуваат поставените задачи во попладневната смена. Само 7% од исптаниците се неодлучни, а 20% делумно и 18% воошто не се соглсуваат со констатацијата, како што е прикажано на слика 18.




**Слика 7 Графички приказ на одговорите на третото прашање за наставниците**

Во врска со исказот дека учениците се помалку подготвени да прават писмени работи во попладневната смена, особено на последните часови 15% од наставниците имаат такво искуство, 37 %воглавно се согласуваат, 13% се неодлучни, а не се согласуваат воопшто 17% и 18% делумно (слика 19).




**Слика 8 Графички приказ на одговорите на четвртото прашање за наставниците**

Исказот дека учениците не покажуваат поголем интерес за наставните содржини во втората смена е заради претпоставката дека тие имаат повеќе време да се наспијат и да се подготват за работа во попладневната смена. Обработката на податоци е прикажана на слика 20. Се согласуваат воглавно 38% и потполно 22%,

не се многу тие што се изјасниле како неодлучни или 8%, а не се согласуваат воопшто 12% и делумно 20% со констатацијата, дека учениците не покажуваат поголеминтере за работа во втората смена.




**Слика 9 Графички приказ на одговорите на петтото прашање за наставниците**

Во прилог на првата помошна хипотеза е поставено прашањето, дали стручната литература е недостапна во попладневната смена Резултатите се претставени на слика 24. Процентите на испитаните наставници кои се согласуваат, 20% воглавно и 22% потполно, со констатацијата за недостапноста на стручната литературата во втората смена е иста како и они кои не се согласуваат, воопшто20% и делумно 21%, а неодлучни се 17%.




**Слика 10 Графички приказ на одговорите од деветтото прашање за наставниците**

За проверка на првата помошна хипотеза, беше поставено прашањето дали учениците се поредовни на наставата во првата смена. Одговорите се прикажани на слика 26.




**Слика 11 Графички приказ на одговорите на единаесеттото прашање за наставниците**

Од аспект на наставниците прашањето за редовноста на учениците на наставата во првата смена се согледува дека 27% потполно се соглсуваат и 32% потполно се согласуваат дека се поредовни во оваа смена. Дека учениците се поредовни во првата смена за разлика од втората смена неодлучни се 15% исто толку воопшто не се согласуваат и 11% делумно не се согласуваат.

Следното прашање го испитуваше мислењето на наставниците во однос на тоа дали во прата смена учениците покажуваат поголем интерес за решавање на задачите. Резултатите се презентирани на слика 27.



**Слика 12 Графички приказ на одговорите на сванаесеттото прашање за наставниците**

Од особено значење за квалитетот на наставата е решавањето на задачите кои се со цел да се примени или да се провери усвоеното знаење кај учениците на часовите. Задачите можат да бидат од најразличен карактер. За тоа дека учениците покажуваат поголем интерес во решавањето на задачите во првата смена позитивно се изјасниле 25% од испитаниците кои потполно се согласуваат и 38% кои воглавно се согласуваат, што вкупно претставува 63% од наставниците.Негативно или не се согласуваат воопшто со констатацијата се 12% и делумно 18%, додека неодлучни по ова прашање се 7% од испитаните наставници.

Во вториот сегмент од прашалникот за наставниците, беше поставено прашањето, „како го проценувате квалитетот на наставата во попладневната смена од односот меѓу планираните резултати и планираните активности?“, каде како одговор беа понудени 4 опции. На слика 39 се прикажани резултатите.




**Слика 13 Графички приказ на II-то прашање за настаавниците**

Доколку квалитетот на наставата се мери од соодносот на реализираните планирани резултати и планираните активности за да се дојде до тие резулатати оптимално е тие да бидат 100% реализрани за што се изјаснуваат 10% од испитаниците. Најзадоволни би биле наставниците со реализираност од 70-100% но нивниот број е помал т.е. 43% од анкетираните наставници или идентичен со 45% кои сметаат дека се реализираат само од 40-70% од планираните резултати. Поразително е да се зборува за помалку од 40% реализација на планираните резултати за кои се изјасниле 2% од испитаниците.

### 7.1.3. Компаративна анализа: наставници наспроти ученици

Како што е познато од теоретски аспект наставниците и учениците се двата фактора од четирите основни во наставниот процес. Оттука е многу важно да се направи компаративна анлиза на двата аспектиспекти или како на ист проблем гледаат наставниците, а како учениците.




**Слика 14 Споредбена анализа на резултати – проверка на хипотеза 1**

Доколку ги спореднме резултатите од прашањето дали се постигнуваат подобри резултати на наставата претпладне, 17% од наставниците и 18%, што е само 1% разлика, од учениците потполно се согласуваат со изјавата, а дури 52% од наставниците и 35% од учениците воглавно се согласуваат. Само 5% од учениците односно 13% од испитаните наставници воопшто не се согласуваат со изјавата дека на наставата претпладне се постигнуваат подобри резултати отколку на наставата

попладне. Потребно е да се спомене дека 27% од учениците се изјасниле дека се неодлучни по ова прашање. На претпоставката дека учењето во попладневната смена не резултира со квалитет, одговорено е со афирмативна констатација дека се постигнуваат подобри резултати во првата смена. Поголема разлика меѓу мислењето на учениците и наставниците има во одговорот каде воглавно се согласуваат и во одговорот неодлучен сум т.е. дури 27% од испитаните ученици се неодлучни.

### 7.1.4. Квалитативна анализа од прашалникот за педагошко-психолошката служба

Во прилог на истражувањето беше спроведено истражување на мислењето на стручната служба, педагози и психолози во четирите училишта. Прашалникот за стручната служба содржи десет прашања, со можност за отворени одговори и директен инпут. Анализата се темели на прашалниците од четворица педагози исто толку психолози во секое од училиштата. Работниот стаж кај педагозите се движи меѓу шест и осум години, а кај психолозите од две до триесет и четири години. Поставени се десет прашања. Анализата на овие прашања се однесува на успехот на учениците.

*Како би го оцениле квалитетот на наставата на последните часови во втората смена?*

Од понудените одговори на училишните педгозите, двајца од испитаниците го оцениле квалитетот на наставата полошо од просечно, бидејќи голема број на ученици последните часови ги минуваат со минимална концентрација. Еден испитаник, ја оценува наставата како просечна, и повторно е потенцирано опаѓањето на концентрацијата кај учениците. Еден испитаник се изјаснил дека квалитетот е многу подобар од просечно, бидејќи наставниците не прават разлика, а учениците имаат високо ниво на свесност, дека секој час е значаен. (ЛИЧНО УБЕДУВАЊЕ). Двајца од училишните психолози го оцениле квалитетот „полошо од просечно„, а двајца „просечно„.

„Просечно" - бидејќи опаѓа концентрацијата и вниманието на учениците.

„Просечно“ - заради тоа што опаѓа концентрацијата и кај учениците и кај наставниците особено на последните часови. Има наставници кои работат во двете смени во еден ден.

„Полошо од просечно„“- најмногу заради замор и недостаток на внимание кај учениците. Адолесценти се во развој и им треба повеќе време за одмор.

„Полошо од просечно“ - бидејќи учениците се заморени од дневните активности-биоритмот секако ја намалува работната ефикасност.

***Ве молам напишете го вашиот став за квалитетот на попладневната настава од педагошки аспект?***

Отворените одговори вклучуваа:

„Секако дека првата смена е поквалитетна и поефективна бидејќи учениците се одморени, сконцентрирани и отворени за знаење и учење во првата половина од денот.“

„Квалитетна настава има само на првите три часа, додека на последните часови опаѓа концентрацијата и кај учениците и кај наставниците; посебно има проблем кај предмети кои бараат поголемо ангажирање како што се математика, физика, хемија и други предмети.“

***Ве молам напишете го вашиот став за квалитетот на попладневната настава од аспект на училишен психолог.***

Понудените одговори по ова прашање се:

„Според сите научни истражувања кои јас сум ги прочитала најголема работна ефикасност се постигнува во периодот од 8-16 часот, соодветно на тоа и ефектите од учењето.“

„Квалитетна е наставата на првите часови, но со опаѓање на концентрацијата се намалува на последните часови.“

„Сметам дека наставата во втората смена е со послаб квалитет, што најмногу се должи на заморот и падот на концетрацијата на учениците, а наставниците се прилагодуваат на таа состојба во својата работа.“

„Сметам дека наставата во втората смена не е квалитетна или ефикасна ни од аспект на учениците ниту од наставниците. Има наставници кои еден ден се во првата смена, а веќе наредниот во втората смена или во различни училиште во иста смена што е физички и психички проблем.“

Ако ги сублимираме исказите на прв поглед доминира проекцијата за просечност на квалитетот на наставата во втората смена, но ако ги анализираме објаснувањата тие се објективни и реално го разоткриваат послабиот квалитет на наставата во втората смена. Опаѓањето на концентрацијата,особено на последните часови и изјавите дека е видлива разликата во ефикасноста на наставата во првата смена се јасен индикатор за тоа дека педагошко-психолошката служба треба активно да се вклучи во временското организирање на наставата.

Од анализата се согледува дека е висок процентот(69%) на наставници кои сметаат дека во претпладневната настава учениците постигнуваат подобри резултати на тестовите треба да ја поттикне педагошко-психолошката служба да врши тестирања од најопшт вид/за интелегенција, за точно да се процени разликата на остигнатите резултати во првата и во втората смена.

Врз основа на добиените резултати од анализата на податоците се потврдува помошната хипотеза дека учењето во попладневната смена не резултира со квалитет или очекувани резултати од наставниците и од учениците. Ваквите заклучоци од бројните индекси се во прилог на генералната хипотеза за временско организирање на наставата само во една смена како услов за постигнување очекувани, подобри резултати.

### 7.2. Резултати од истражувањето на средината за учење

Се претпоставува, со помошната хиотеза бр.2, дека нема поволна работна атмосфера за работа во втората смена. Затоа предмет на анализа се добиените резултати за училишното окружување, мотивираноста, атмосферата и интересот за учење како и интеракцијата наставник-ученик.

Училишното окружување подразбира специфичен училишен живот кој е определен од луѓето кои во него учествуваат. Еден можеби од најважните фактори

за воспоставување и одржување на успешна и ефективна средина за учење. Покрај надворешните елементи постојат и односи или интеракција меѓу учесниците во самото училиште. Меѓусебните односи во самото училиште, особено меѓу наставниците и учениците, се исклучително важни бидејќи градат позитивни врски меѓу себе без кои е невозможна одржлива и ефикасна соработка, тие заедно работат и функционираат. Нивниот однос и соработка ја обликуваат училишната клима која може да биде позитивна и мотивирачка за соработка и постигнување на посакуваните резултати. Инаку тие се теми од подрачјата на вреднување *Учење и настава* и *Училишна клима* во индикаторите за мерење на квалитетот на работата на училиштето.

### 7.2.1 Квалитативно-квантитативна анализа на добиените резултати од анкетираните ученици

Со прашањето поставено на учениците се поткрепува еден од факторите за ефективна настава што е потенцирано во научниот дел на магистерската, а тоа е активноста или работната атмосфера во училницата каде се спроведува наставата. Имајќи во предвид дека во училиштата каде е вршена анкетата наставата во првата смена започнува во 7 и 30 часот не изненадува одговорот на 45% од ученици кои не се согласуваат воопшто или делумно со констатацијата дека учењето е активно и динамично во првата смена, високи 18% се неодлучни, а само 37% воглавно и потполно се согласуваат дека. Графички приказ на резултатите од ова анкетно прашање е прикажан на слика 2.




Слика 15 **Графички приказ на одговорите од второто прашање**

Воннаставните активности на учениците исто така не се земаат во предвид при организирањето на времето за настава. По ова прашање (слика 6), дури 72% од учениците се изјасниле дека не се во можност да посетуваат курсеви и тренинзи заради што бараат да бидат ослободени од наставата. Доколку на тоа се надополни и процентот на ученици кои воглавно се согласуваат, ќе се дојде до заклучок дека 90% од учениците сметаат дека не постои можност за посетување курсеви и тренинзи во попладневната смена. Само 10% воопшто или делумно не се согласуваат со оваа констатација. Интересно е да се забележи, дека ниту еден ученик не одговорил дека е неодлучен по ова прашање.



Слика 16 Графички приказ на одговорите на шесттото прашање

На седмото прашање поставено на учениците, „Дали наставниците се поотворени за соработка и комуникација со нас во првата смена“, може да се каже дека е висок процентот на ученици кои воглавно (25%) или потполно (17%) се согласуваат со фактот дека наставниците се покумуникативни во прват смена, 27% се неодлучни по ова прашање. Останатите 13% делумно не се согласуваат, а 18% воопшто не се согласува дека настанвниците се поотворени за соработка во првата смена.




Слика 17 Графички приказ на одговорите на седмото прашање

Целта на осмото прашање е да се испита улогата на наставникот како поттикнувач и мотиватор во двете можни временски рамки кога се изведува наставата: претпладне и попладне (слика 8).




**Слика 18 Графички приказ на одговорите од осмото прашање**

Забележителен е бројот на ученици кои воопшто не се согласуваат (13%) заедно со оние кои делумно не со согласуваат(12%) и оние кои се неодлучни(15%) вкупно 40 % наспроти 60 % кои воглавно(35%) и делумно(25%) се согласуваат дека насавниците подеднакво го реализираат чесот во двете смени.




**Слика 19 Графички приказ на одговорите на деветтото прашање**

На претходната, слика 9 е прикажана графичката распределеност на прашањето број девет. Кога станува збор за мотивираноста на учениците на часовите во првата смена 35% воглавно и 22% потполно се изјасниле дека се

помотивирани за работа, 12 % се неодлучни, 18% делумно не се согласуваат и мал процент од 13% воопшто не се согласуваат дека учениците се помотивирани за работа на часовите во првата смена.

### 7.2.2 Квалитативно-квантитативна анализа на добиените резултати од анкетираните наставници

Половина од часовите за задолжителни слободните активности се планираат како практична примена во интеракција со инстутуции и организации од опкружувањето кои работат само во една смена. Шестото прашање испитува, дали наставниците сметаат дека во првата смена постојат повеќе услови за учење во интеракција со опкружувањето. Резултатите се прикажани на слика 21.




**Слика 20 Графички приказ на одговорите на шесттото прашање за наставниците**

Голем е процентот на испитаници кои делумно се согласуваат, но не и на тие кои потполно се согласуваат. Во споредба со нив 10% се неодлучни, само 8% делумно не се согласуваат и 13% воопшто не се согласуваат.

Резултатите од седмото прашање се презентирани во слика 22.




**Слика 21 Графички приказ на одговорите од седмото прашање за наставниците**

Со исказот дека во втората смена нема работна атмосфера во училиштата воопшто не се согласуваат 17%, делумно не се согласуваат 25% од анкетираните наставници, неодлучни се 8%. За разлика од нив дури 37% воглавно се согласуваат, а 13% потполно се согласуваат дека во попладневната смена нема атмосфера за работа.

Во контекст на работната атмосфера е и следниот исказ каде што се констатира дека има повеќе недоразбирања меѓу учениците во втората смена. Во контекст на работната атмосфера е и следниот исказ каде што се констатира дека има повеќе недоразбирања меѓу учениците во втората смена. Во овој случај поголем е процентот на испитаниците кои се изјасниле дека се неодлучни дури 25% исто толку се изјасниле дека воглавно се согласуваат (25%), само 10% потполно се согласуваат. Не се согласуваат делумно 17% и воопшто 23% од испитаниците.

Графички приказ на резултатите е презентиран на слика 23.




**Слика 22 Графички приказ на одговорите од осмото прашање за наставниците**

Графички приказ на одговорите од десеттото прашање за наставниците, дали учениците се помотивирани кога работат во првата смена е претставен во следната слика 25.




**Слика 23 Графички приказ на одговорите на десеттото прашање за наставниците**

Процентот на наставници кои воопшто не се согласуваат е 9%, делумно не се соглаасуваат 15% , неодлучни се 8%. Далеку е поголем процентот на испитаниците кои воглавно се согласуваат дека учениците се помотиврани кога се на училиште во првата смена 45%, дополнет со 23% кои потполно се согласуваат со констатацијата.

Следното, тринаесетто прашање го испитуваше ставот на наставниците, во однос на тоа дали според нив учениците имаат позитивен став кон активностите понудени во првата смена. Резултатите се презентирани на слика 28.




**Слика 24 Графички приказ на одговорите на тринаесеттото прашање за наставниците**

Под позитивен став се поразбира учеството на учениците во организирањето на активностите, нивното присуство, нивна поддршка, особено ако покрај задолжителните станува збор и за слобони ученички активности. За тоа дека има поголем интерес кај учениците кога се организираат во претпладневната смена воопшто и делумно не се согласуваат 11% и 12% од испитаните наставници, а неодлучни се 7%. За позитивниот став на учениците кон активностите се изјасниле вкупно 70% од наставниците во анкетата и тоа 45% воглавно и 25% делумно се согласуваат.

На следниот график (слика 29) прикажано е како се изјасниле наставниците во однос на нивната мотивираност и активност во првата смена за разлика од втората смена, односно дали наставниците се помотивирани и активни кога работата во првата смена. Со оваа констатација не се согласуваат воопшто 10% и делумно 7%, неодлучни се 13%, додека 70% од кои 33% воглавно и 37% потполно се согласуваат дека мотивираност и активност постои повеќе во првата смена.




**Слика 25 Графички приказ на одговорите на четиринаесеттото прашање за наставниците**

На следната слика е прикажан резултатот од петнаесеттото прашање, односно констатација: „наставниците не се доволно енергични во соработката со учениците во втората смена“ (слика 30), или со други зборови колку временското организирање на наставата во втората смена влијае врз активноста на наставниците.

Дека неставниците не се доволно енергични се согласиле потполно 17% и воглавно 30% додека 15% се неодлучни, а не се согласуваат делумно 18% и воопшто 20% од испитаниците.




**Слика 26 Графички приказ на одговорите на петнаесеттото прашање за наставниците**

На следната слика е прикажан резултатот од шеснаесеттото прашање (слика 31). Во работните задачи и активности на наставниците се подразбира и континуираната соработката со родителите. Повеќето од наставниците или 35% воглавно и 15% потполно се согласуваат дека кај наставниците се забележува поголем интерес за соработка со родителите, 11% се неодлучни, додека 22% воопшто и 17% делумно не се согласуваат.




**Слика 27 Графички приказ на одговорите на шеснаесеттото прашање за наставниците**

Прашањето седумнаесет испитува дали со временското организирање на наставата во смени се имаат во предвид условите потребни за интерактивна настава како што е кабинетска настава, користење на мултимедијални училници, вклученоста на други субјекти и слично. Резултатите се прикажани на слика 32.




**Слика 28 Графички приказ на одговорите на седумнаесеттото прашање за наставниците**

Како што може да се констатира, речиси еднаков е процентот на испитаниците што се согласуваат воглавно 20% и потполно 22% со процентот на тие што не се согласуваат воопшто 20% и делумно21%. Процентот на оние кои се неодлучни е 17%.

### 7.2.3. Компаративна анализа: наставници наспроти ученици

Втората компаративна анализа се темели на еден од индикаторите за мерење на квалитетот на наставата кој е дел од процесот и е важен за остварување на определено ниво на ефикасноста на образовните активности.




**Слика 29 Споредбена анализа на резултати – работна атмосфера, проверка на Хипотеза 2**

На прашањето за работната атмосфера во училницата во првата смена одговараат учениците. Многу мал процент потполно се согласува, само 7% и многу голем процент воглавно се согласуваат 37% или вкупно 50%. Се чини дека претпладневната смена не е толку посакувана од средношколците бидејќи другата половина или 50% се распоредени меѓу 18% неодлучни,25% кои делумно не се согласуваат и 23%. За разлика од нив испитаните наставници ја оценуваат работната атмосфера во втората смена. Дека нема работна атмосфера сметаат 50%од испитаниците и тоа 13% потполно се согласуваат и 37%воглавно се согласуваат. Останатите 50% се распределени на 8% неодлучни наставници, 25% делумно не се согласуваат и 17% од испитаниците воопшто не се согласуваат. Сметам дека во овој

сегмент иако евалуиран во работата на училиштето, не се добиени очекуваните резултати.

### 7.2.4. Квалитативна анализа од прашалникот за педагошко-психолошката служба

*Дали учениците бараат педагогот/психологот да интервенира во одложувањето на тестовите и писмените задачи во втората смена?*

Тројца педагози се изјасниле дека тоа ретко се случува, бидејќи тоа најчесто се прави заемен договор со предметните наставници , а само еден од педагозите дал образложение дека поради недостаток на време, „едноставно тестовите мора да се реализираат и тие се свесни за тоа". „Често„ како опција го одбрал еден испитаник, со образложение дека неговото искуство говори, дека на учениците им е потребен посредник во однос на одложувањето, особено во втората смена, бидејќи се чувствуваат изморени, особено на последните часови.

Двајца од психолозите во училиштата се изјасниле „ретко„, а двајца „често„.

„Ретко" - бидејќи најчесто е на релација ученик-наставник и повремено интервенира класен раководител.

„Ретко„"- заради тоа што во одложувањето на писмените учениците најчесто се договараат со предметниот наставник и класниот раководител.

„Често" - генерално заради преоптеретеност и многу тестови па учениците бараат одложување, но не можам дека во втората смена повеќе.

„Често" - бидејќи сметаат дека се изморени или дека во втората смена нема услови.

*Дали влијае попладневната смена врз поведението на учениците?*

На прашањето дали влијае пополадневната смена врз поведението на учениците, двајца од педагозите сметаат дека делумно влијае, едниот влијае, а другиот „значајни влијае„.

Одговорите вклучуваат:

„Делумно влијае„ - бидејќи некои ученици не издржуваат до крајот на денот, отсуствуваат од последните часови.

„Делумно влијае"- бидејќи поголем број изостаноци се прават во втората смена после големиот одмор.

„Значајно влијае" - бидејќи се пораздвижени и тоа влијае на поведението.

„Влијае"- бидејќи отсуството на последниот час е речиси исто како и доцнењето на првиот час во првата смена со тоа што класните раководители се пофлексибилни за првиот час и почесто се оправдува во однос на последниот час во втората смена.

*Дали влијае попладневната смена врз успехот на учениците?*

Еден одговор е дека попладневната смена „делумно влијае" врз успехот на учениците и три дека „влијае".

„Делумно влијае" - доколку учениците се оптеретени со учење во периодот пред наставата и во текот на втората смена дополнително се оптоварени со нов материјал, секако последните часови ќе им бидат потешки. Затоа последните часови треба да имаат поинтерактивен карактер.

„Влијае" - заради отсуството на внимание и сосредоченост на наставата на последните часови.

„Влијае"- заради пад на концентрацијатана учениците, умор и напнатост бидејќи некои од нив имаат дополнителни часови или курсеви, тренинзи и други вонучилишни активности.

„Влијае"- заради условите во кои се одвива втората смена, се жалат на осветленоста во училните, недостаток на концетрација.

Искуствата покажуваат дека најчесто се одбегнува проверка на знаењето преку тестови или писмени работи на часовите во втората смена. Може да се каже дека професор кој вложил труд да пренесе знаење очекува да биде задоволен од примената на знаењето при неговата проверка. Затоа и наставниците и учениците соработуваат во тој поглед, а доколку нема соработка очекуваат помош од стручната служба. Во врска со писмените задачи дури и да не е по иницијатива на учениците

од добиените резултата јасно е дека и наставниците се свесни за намалените способноста на учениците во втората смена. Поведението е втора категорија по знаењето кое се оценува кај учениците. Сите четворица анкетирани педагози дека втората смена влијае на поведението на учениците се изјасниле дека има повеќе отсуства или незаинтересираност, а четворица психолози дека влијае на успехот на учениците.

Мотивираност, атмосфера за учење, заинтересираност или интеракција, се чини дека низ годините направен е максимален напор тие да се вреднуваат поточно да се оценуваат во работата на училиштата. Тие се единица мерка во индикаторите за мерење на квалитетот на наставата и не треба да се занемаруваат процентите, кои се движат дури до 68% од наставниците себе се процениле како помотивирани и поактивни во првата смена, кои се добиени во истражувањето. За тоа дека можат да ги проценат и учениците говорат речиси изедначените ставови изразени во бројки, а за тоа говори и малиот број неодлучни испитаници. **Целокупната анализа (квалитативна и квантитативна) ја потврдува помошната хипотеза дека нема работна атмосфера во втората смена што е во насока на општата хипотеза за воспоставување на временска рамка во една смена каде ќе се овозможат поволни услови за работа.**

### 7.3. Резултати од истражувањето за реализација на дополнителната и додатната настава

Се претпоставува, според третата помошна хипотеза, дека во втората смена не се реализира додатна и дополнителна настава и за тоа се земени два параметри: дали е возможно временски да се организира дополнителна и додатна настава и дали учениците после часовите во втората смена можат да присуствуваат на часовите за овој тип настава.

Задолжителното организирање на овој вид настава е регулирано со Законот за средно образование со членот број 51-б. Ако го погледнеме временското организирање на наставата само во едно од средните училишта меѓу двете смени има временски период од еден саат, не земајќи го во предвид подготвувањето на училните, би се согласиле дека процентуалноста е реално висока.

### 7.3.1 Квалитативно-квантитативна анализа на добиените резултати од анкетираните ученици




**Слика 30 Графички приказ на одговорите на десеттото прашање**

Дополнителната настава е дел од задолжителната настава за наставниците и за учениците на кои им е потребна. Со констатацијата дека временски е тешко да се испланира дополнителната настава за учениците и им претставува напор, потполно се согласиле дури 58%, а воглавно се согласиле 15%. Неодлучни остануваат 10% додека со негативна конотација се 12% кои делумно не се согласуваат и 5% воопшто не се согласуваат, дека е напорно да се следи дополнителната настава кога учениците се попладне на училиште.

Следниот исказ е во тесна врска со временското организирње на дополнителната и додатната настава во училиштата. На слика 11 се прикажани резултатите од единаесеттото прашање, односно констатација: „невозможно е да присуствувам на додатна или дополнителна настава во попладневната смена“.

Овде се работи за активности кои се одвиваат во рамките на училиштето. Слично како и кај шестото прашање, далеку поголем дел од учениците сметаат дека е невозможно да се присуствува на додатна или дополнителна настава, односно 42% потполно се сложуваат, а 22 % воглавно се согласуваат. Делумно односно воопшто

не се согласуваат по 13% од учениците, а само 10% остануваат неодлучни по ова прашање.




**Слика 31 Графички приказ на одговорите на единаесеттото прашање**

Со Законот за средно образовани се обврзуваат учениците да ја следат дополнителната настава и според членот 48-а доколку не ја следат истата добиваат неоправдан изостанок. Ваквата висока процентуалност во врска со неможноста и способноста да се следи дополнителната настава допира и до фактот дали е ова само формално решавање на проблем кој е со закон регулиран.

### 7.3.2. Квалитативно-квантитативна анализа на добиените резултати од анкетираните наставници

Временското организирање на наставата исто така треба да го има во предвид и организирањето на дополнителната и дододатната настава и од аспект на работните задачи на наставникот, а за потребите на учениците. Резултатите се прикажани на слика 33.




**Слика 32 Графички приказ на одгворите на осумнаесеттото прашање за наставниците**

По ова прашање мислењето е поделено. Дека во втората смена не се реализираат овие часови воглавно се согласуваат 27% и потполно се согласуваат 22% наспроти 25% кои воопшто не се согласуваат и 23% кои делумно не се согласуваат. По оваа констатација мал е бројот на неодлучните, само 3% од испитаниците. Не беше поставено прашањето и затоа не може да се направи разлика дали сите наставници организираат додатна и дополнителна настава, како би се видела распределеноста на одговорите, со оглед на скоро еднаквиот распоред на гласови од воопшто не се согласувам, преку делумно се согласувам , па се до воглавно се согласувам и потполно се согласувам со дадената констатација.

Во контекст на осуманесеттото прашање, на наставниците им се постави и прашањето, дали „учениците не се во можност да ја посетуваат дополнителната настава во втората смена„. Резултатите се прикажани на слика 34.




**Слика 33 Графички приказ на резултатите на деветнаесеттото прашање за наставниците**

Со речиси идентична поделеност наставниците одговараат на изјавата дека учениците не се во можнст да ја посетуваат дополнителната настава во втората смена: 23% воопшто и 27% делумно не се согласуваат како што 23% потполно и 17% воглавно се согласуваат. Повисок е процентот на наставници кои се неодлучни или 10% од испитаниците.

На дваесеттото прашање, осносно констатација дека не постојат услови за организирање на додатна и дополнителна настава за двете смени, распределбата на одговорите е слична (слика 35). Соодносот на процентите кога истата констатација е поставена од аспект на условите за временско организирање на додатната и дополнителната настава е следен: потполно се согласуваат 25% , а воопшто не се согласуваат 22%, воглавно се согласуваат 23% и исто толку делумно не се соглсуваат, додека неодлучни се 7% од анкетираните наставници.




Слика 34 Графички приказ на одговорите на дваесеттото прашање за наставниците

### 7.3.3. Компаративна анализа: наставници наспроти ученици

Додатната и дополнителната настава се задолжителни како за наставниците така и за учениците што оправдува некои разлики во мислењето на двете испитани групи.




**Слика 35 Споредбена анализа на резултати – проверка на хипотеза 3**

Констатацијата дека не постојат услови за организирање на дополнителната и додатната настава за двете смени го одговараат наставниците, а се потврдува со констатацијата за учениците дека е невозможно да ја посетуваат оваа настава.

Може да се констатира дека 25% потполно и 23% воглавно се согласуваат што не е висок процент од испитаните наставници, неодлучни се 7% и делумно не се согласуваат 23% и воопшто не се согласуваат 22%. Високиот процент од 42% на испитани ученици кои потполно се согласуваат дека е невозможно да присуствуваат на дополнителна или додатна настава всушност ја потврдува комплексноста на временското организирање на наставата. Со процентот на учениците кои воглавно се согласуваат 22% тој процент е висок т.е.64%. Неодлучни се 10% , а делумно или воопшто не се согласуваат ист процент 13% од испитаниците. Се чини дека учениците се пообјективни во одговорите, можеби заради фактот дека наставниците подлежат напостапка за дисциплински престап.

### 7.3.4. Квалитативна анализа од прашалникот за педагошко-психолошката служба

*Колку е важно дополнителната и додатната настава да се организирани за потребите на учениците?*

Двајца од испитаните педагози сметаат дека е важно, и двајца дека е многу важно. Како причини беа наведени:

„Многу важно“- бидејќи ученците имаат потреба од потврдување на материјалот, дообјаснување на поимите и континуирано вежбање.

„Многу важно“ - заради различните постигања, работа во помала група и можност за индивидуализирана настава.

„Важно“ е учениците да имаат можност од дополнителни часови за појаснување на содржините кои ги изучуваат, а со кои имаат потешкотии, исто како што е важно да се организира додатна настава за особен интерес на учениците.

„Важно“ - особено кога имаат слаби оцени (дополнителна настава) и продлабочувања на знаењата, особено при натпревари (додатна настава).

На истото парашање тројца од училишните психолози сметаат дека многу важно и еден дека е важно дополнителната и додатната настава да се организирани за потребите на учениците.

„Важно“ - зашто идејата и целта на овие активности е поддршка на учениците, но кај нас само формално се реализиразаради недоволно време за реализација.

„Многу важно“ - бидејќи целта на додатната и дополнителната настава е да ја подобри ефикасноста и квалитетот на наученото, а тоа секако е поврзано со потребите на ученикот.

„Многу важно“- за да им се помогне на учениците кои наидуваат на потешкотии во учењето и можност за продабочување на знаењата.

„Многу важно“ - бидејќи им е потребна на учениците, а е законска обврска на наставниците. Не постои можност да се организира за двете смени.

Како многу важно е оценето посетувањето на дополнителната и додатната настава наспроти резултатите од одговорите на учениците дека им е напорно да ја следат дополнителната настава во попладневната смена каде 73% од учениците воглавно или потполно се согласуваат дека следењето на дополнителната настава во втората смена е напорно. Резултатите понатаму покажуваат дека во голем процент се води грижа да се организира дополнителна и додатна настава за учениците и во првата и во втората смена. Исто така речиси голем е процентот 48% од наставниците сметаат дека не постојат услови за временско организирање на овој вид настава во втората смена, а исто така не изненадува 45% пак не се согласуваат делумно и во целост што сепак се поврзува со законската обврска за одржување на допонителната настава, за која треба да биде известен родителот. Покрај наставниците и учениците претставниците на стручната служб е се битни чинители во организирањето на дополнителната настава, бидејќи во нивниот домен се особено постигањата на учениците кои имаат проблем со учењето.

Бројните индекси добиени како резултата на анализата на добиените резултати од анкетираните ученици и наставници јасно укажуваат на тоа дека временски организираната настава во две смени не може да обезбеди реализирање на дополнителна и додатна настава. Исто така се потврди значењето или влијанието на овој вид настава врз успехот на учениците, а со тоа и на наставниците и училиштето тогаш се доаѓа до потврда и на општата генерална хипотеза.

## 7.4. Резултати од истражувањето за поддршката од стручната служба

Се претпоставува, со четвртата помошна хипотеза, дека педагошката и психолошката помош е недоволна кога наставата се одвива во втората смена. Понатамошната анализа на податоците добиени од прашалниците за стручната служба можат да помогнат во проценувањето на временското организирање и квалтетот на наставата од различен фокус од оној на наставниците и учениците. Факт е дека и во втората смена ако не и повеќе се бара педагошка помош, а кога еден од нив е отсутен тогаш ја нема ни за учениците ни за наставниците. Резултатите покажуваат дека се води грижа за потребите на наставниците и учениците и во попладневната смена, но прашањето е дали е таа ги задоволува потребите.

### 7.4.1. Квалитативно-квантитативна анализа на добиените резултати од анкетираните ученици

Дванаесеттото прашање ја обработува тематиката на безбедноста во втората смена. Така, атмосферата во училиштата во попладневната смена за безбедна ја оценуваат 30% од испитаните ученици, кои потполно се согласуваат и 35% кои воглавно се согласуват дека се чувствуваат убаво и безбедно во училиштето.

Во споредба со бројот на учениците кои се изјасниле позитивно, помал е процентот на ученици кои воопшто и делумно не се согласуват, 20% (10% воопшто и 10% делумно) наспрема 65% кои позитивно ја оценуваат констатацијата. Заедно со неодлучните, кои претставуаат 15% од вкупниот број испитаници, оставаат впечаток дека за учениците времето кога се организира втората смена сепак влијае врз безбедноста.

Графички приказ на одговорите е даден на слика 12.




**Слика 36 Графички приказ на одговорите на дванаесеттото прашање**

Тринаесеттото прашање „кога имам проблем знам на кого да му се обратам во втората смена" е поставено заради прибирање на податоци, со кои би ја тестирале исправноста на четвртата помошна хипотеза.




**Слика 37 Графички приказ на одговорите на триенасеттото прашање**

Со изјавата дека учениците имаат кому да се обратат за помош во втората смена не се согласуваат воопшто 21% и делумно 10%, неодлучни се 27%, наспроти 27% од учениците кои воглавно се согласуваат и 15% целосно се согласуваат.

### 7.4.2. Квалитативно-квантитативна анализа на добиените резултати од анкетираните наставници

Временското организирање на наставата треба да го има во предвид и работењето на педагошко-психолошката служба во училиштето. Резултатите од ова прашање се прикажани на слика 36.




**Слика 38 Графички приказ на одговорите на дваесет и првото прашање за наставниците**

Ако се иземат 10% од испитаниците кои се неодлучни тогаш поголем е процентот на оние кои се согласуваат воглавно 23% и потполно 27% дека помошта од стручната служба е недоволна во втората смена. Со оваа констатација воопшто не се согласуваат 17% и делумно 23%.

Мислењето на наставниците во однос на прашањето дали на учениците во секое време може да добијат советодавна помош од стручната служба е прикажано на слика 37.




**Слика 39 Графички приказ на одговорите на дваесетивторото прашање за наставниците**

Изненадува високиот процент 52% на испитаници кои потполно се согласуваат дека учениците во секое време можат да добијат советодавна помош од стручната службаи 23% кои воглавно се согласуваат, неодлучни се 10% од испитаниците, додека 13% делумно не се согласуваат, а само 3% воопшто не се согласуваат со исказот. Овде треба да се напомене дека работното време на стручната служба не е двосменско.

На слика 23 е прикажана распределбата на одговорите по прашањето, дали на наставниците им е потреба советодавна помош и во попладневната смена.




**Слика 40 Графички приказ на одговорите на дваесетитретото прашање за наставниците**

### 7.4.3. Компаративна анализа: наставници наспроти ученици

Од анализата на резулатите, а во тесна врска со улогата на педагошката служба се доаѓа до заклучок дека покрај советодавна помош таа е и активен учесник во воспитно-образовниот процес.




**Слика 41 Споредбена анализа на резултати – проверка на хипотеза**

Стручната педагошко-психолошка служба е поделена, односно како е составена од педагог и психолог тие секогаш се во различна смена. Нивната достапност во втората смена за наствниците е изразена со 27%, воглавно се согласуваат дека е недоволна, 23% од наставниците воглавно се согласуваат, неодлучни се 10%, делумно не се соглсуваат исто така 10%. 17% од наставниците сметаат дека стручната служба е доволно застапена во вторта смена. Учениците пак 15% знаат каде да побараат помош, 27% воглавно се согласуваат со изјавата кому да се обратат за помош, неодлучни се високи 26%, делумно не се согласуваат за разлика од наставниците 10% и воопшто не се согласуваат 22%. Од бројки произлегува дека 58% од учениците стручната служба не ја доживуваат како советодавна и служба која ги решава нивните проблеми барем не во попладневната смена.

### 7.4.4. Квалитативна анализа од прашалникот за педагошко-психолошката служба

*Колку сте задоволни од соработката со наставниците во втората смена?*

Интересно е да се забележи дека тројца испитаници се изјасниле дека се задоволни, а еден дека е многу задоволен од соработката со наставниците во втората смена. Едно од дадените образложенија е дека „наставниците мора да функционираат во двете смени , оттаму ова не претставува проблем“.

Сите четири испитаници меѓу психолозите се задоволни од соработката со наставниците во втората смена.

„Задоволен“ - бидејќи стекнале навика за работа во смени.

„Задоволен“ - заради тоа што професионално си ги реализираат обврските.

„Задоволен“- од соработката и во првата и во втората смена.

„Задоволен“ - бидејќи има соработка во континуитет.

*Дали учениците почесто бараат педагошка помош во втората смена?*

Еден испитаник одговорил „никогаш“, двајца се изјасниле за опцијата „ретко“и еден „често“. Тоа е појаснето во дополнителниот одговор на прашањето:

„Ретко“ - не би рекла дека има повеќе или помалку ученици во определена смена кои бараат помош од педагог.

„Ретко“ - бидејќи поглема помош бараат наставницте во однос на трпениeто и дисциплината на учениците(педагог со 8 години искуство)

„Никогаш“ - заради тоа што индивидуалната педегошка инструктивно-консултативна работа се изведува во двете смени со исто темпо.

По ова прашање, еден од испитаните психолози се изјаснил „ретко„, а тројца „често„ дека учениците бараат стручна помош во втората смена.

„Ретко“ - најмногу бараат помош за време на тестови и испрашување, но не го поврзувам со смените.

*Дали наставниците почесто бараат педагошка помош во втората смена?*

Двајца испитаници се изјасниле „никогаш“, еден „ретко“ и еден „секогаш“.

***Заради што така проценувате?***

„Никогаш“ бидејќи еднаква е соработката.

„Често„- бидејќи како што се изјаснил испитаникот професорите почесто бараат помош.

„Често“– бидејќи пристапот кон стручната служба е подостапен поради помалата фрекфентност од надворешни лица пред просториите;

„Често“ - независно од смената стручната служба им е потребна на учениците.

„Често“ - бидејќи некои класни раководители се отсутни ако се во различна смена, па најавуваат отсуства или пријавуваат проблеми.

„Никогаш“ - бидејќи не игра никаква улога смената кај наставниците во однос на барање педагошка помош.

И по ова прашање, еден од испитаните психолози се изјаснил *ретко*, а тројца *често*

„Ретко“ - не можам да направам дистанца во врска со смените.

„Често“- независно од смената наставниците имаат потреба од стручна служба.

„Често“- поради поголемата раздвиженост на учениците за време на часовите и помалата концентрација.

Факт е дека и во втората смена ако не и повеќе се бара педагошка помош, а кога еден од нив е отсутен тогаш ја нема ни за учениците ни за наставниците. Во три средни училишта каде врши истражувањето, педагогот и психологот работат во различни смени што значи дека со тоа се комплицира организирањето средби со родители, разговори во присуство наученик и класен раководител. Можеби се нарекува со заедничко има стручна служба, но има засебен однос како решавање проблеми од педагошки и психолошки аспект и со наставниците и со учениците.

Педагошката служба  има различни работни обврски од воведување на наставниците кои немаат искуство во наставата, ја контролираат педагошката евиденција, организирањето на часовите и слично. Особено со промените односно инклузивното образование за деца со посебни потреби тие се неопходни во текот на целодневниот наставен процес.

Оттука заклучокот од анализата на добиените податоци е дека стручната служба е комплементарна составена од педагог и психолог и како такава е недоволна за потребите на учениците и наставниците кога е поделена заради врменското организирање на наставата во две смени. Се потврдува на четвртата помошна хипотеза, дека во втората смена стручната помош е недоволна.

## 7.5. Квалитетивна анализа на задоволството од временската оргнизација на активностите во училиштето

Во вториот дел од прашалникот беа поставени прашања од отворен тип, на кои зависно од одговорот беше дадена можност за одговор, заради добивање на квалитативен инпут. На прашањето „дали сте задоволни од организацијата на активностите во попладневната смена“, 55% се изјасниле дека не се задоволни, а 45% дека се задоволни. Но, тука сепак не е за занемарување фактот дека повеќе од пола од испитаните **ученици** имаат негативен одговор, односно изразуваат незадоволство во однос на организацијата на активностите попладне.




Слика 42 Графички приказ на одговорите II-то прашање

Дополнително објаснување се бара во потпрашањето: „Ако одговорот е НЕ објаснете зашто?“. Меѓу објаснувањата стои дека: „втората смена започнува доцна, а со тоа и завршува подоцна“; „наставата во втората смена завршува во 19 и 30 и нема време за дополнителни активности кои најчесто се организираат од 18 часот

до 20 и 30 часот“; „скоро никогаш нема доволно персонал“; „нема време за други активности“; „активностите почнуваат пред часовите кога сме попладне така што цел ден сме во училиште“; „часовите траат до доцна и нема простор за активности по часовите“.

Исто така и наставниците беа запрашани дали се задоволни од активностите организирани во училиштето во попладневната смена. Без разлика што е висок процентот од 62% испитаници задоволни од организирањето на активностите во втората смена, индикатор за тоа дека временското организирање на наставата во две смени влијае се 38% од наставниците, кои се незадоволни. Резултатите се прикажани на слика 40.

За квалитативно оценување на незадоволството беше понудено да се напишат причините за истото. Дел од испитаниците објаснуваат дека: стручниот персонал не е достапен; постои недостиг на мотивација и кај наставниците и кај учениците; недоволен пробив на информации во втората смена; нема време за активности после 19 часот, затоа што не се организираат (освен некои проектни) активности;




Слика 43 Графички приказ на IV-то прашање за наставниците

### 7.6. Пофалба, критика, сугестија во врска со квалитетот на работата во училиштето за време на попладневната настава

*Под III, е понудена можност да се напише пофалба, критика, сугестија во врска со квалитетот на работата во училиштето за време на попладневната настава.*

Од шеесет испитани ученици, само осум не прават разлика во квалитетот на наставата во однос на тоа дали се одвива во првата или во втората смена. Останатите одговори се однесуваат на наставата во попладневната смена и генерално потенцираат дека нема атмосфера за работа на часовите, учениците се уморни и не се сконцетрирани, доцна започнува втората смена и доцна завршува со сугестии да започнува порано или да се укине. По петиот час или по големиот одмор наставата е напорна бидејќи се уморни; „повеќе спијам, но после немам доволно време за учење или слободно време"; „сметам дека попладневната смена не е ефикасна после петтиот час бидејќи снемува концентрација кај учениците и се чувствува заморот кај наставниците"; „во втората смена сите ученици сакаат да си одат порано дома"; „немаме библиотека во втората смена, доцна е за враќање по часовите"; имаме и по осум часа па затоа добро би било да има и мали одмори"; „да има и во втората смена стручна служба што би работела до 19 и 30 часот"; „класниот раководител е во различна смена од нас".

За разлика од учениците, од анектираните наставници по ова прашање не се изјасниле дури триесет и два испитаника. Наставата во попладневната смена се смета за неефективна од страна на седумнаесет испитаници, а само девет испитаника сметаат дека не постои разлика во квалитетот на наставата.

Од коментарите дадени како пофалба, критика или сугестија се среќаваат: „да се укине втората смена"; „последните часови од попладневната смена воопшто не се функционални"; „наставата треба да заврши до 16 часот"; „сметам дека најдобри резултати ќе се постигнат со работа во претпладневната смена, како во однос на успехот на учениците, така и во кариерниот развој на наставничкиот кадар"; „особено во змискиот период некои деца немаат превоз до дома";„имаат факултативни курсеви по странски јазици и слично"; „помала концентрација и заинтересераност "„бидејќи јас сум уморна како и учениците"; „последните часови

од втората смена да се предмети за кои е потребна концентрација, а учениците се уморни“ и сл.

Квалитативната анализа на исказите како пофалби, критики или сугестии за квалитетот на наставата во втората смена ги потврдува кванитативните резултати од истражувањето со кои се докажани помошните хипотези за намалениот квалитет на наставата и немањето работна атмосфера за најзино квалитетно одвивање.

### 7.6.1. Искуства на учениците кои посетувале настава само во првата смена

На следното прашање: „дали имате искуство со посета на настава само во првата смена?“, повеќе од половина од испитаниците имале искуство со посета на наставата организирана само во претпладневната смена.




Слика 44 Графички приказ на одговорите на IV-то прашање

Бидејќи прашањето беше со барање да се опише искуството повеќето од нив имаат позитивен став: почнувавме од 8 часот имавме повеќе време за дополнителни, додатни, проекти, тренинзи; напорно е станувањето рано секој ден, но часовите завршуваат до пладне и имаме време за секакви активности после школо; поголема фокусираност, стекната рутина, повеќе слободно време; атмосферата за работа е многу подобра и учениците и професорите се

помотивирани; има атмосфера за работа,часовите се функционални и има пододбри резултати; биоритмот не се менува со менување на навиките за спиење и извршување на обрските, имаме подобра организираност на денот; затоа што човекот создава навики кога во денот ќе учи, ќе станува, ќе спортува и слично; во основно одев само во првата смена и имаше повеќе време за учење и за забава; поорганизирано и повеќе време за вонучилишни активности.

Голем е процентот на ученици кои имаат искуство со посета на настава само во првата смена што значи дека 58% од учениците доаѓаат во средните училишта со работни навики кои ги стекнале и развивале десет години. Овие ученици се приспособуваат на новата временска организација во средните училишта покрај приспособувањето на новите наставници и новите наставни планови. Од искуство како наставник и како родител сметам дека речиси цела прва година им е потребна за да се оспособат правилно да го користат времето особено кога се втора смена.

Со позитивното искуство на учениците при следење на наставата само во првата смена се докажува генералната хипотеза дека учењето во едносменска настава резултира со подобри резултати.

### 7.6.2.Како го оценува процесот на организирање настава во две смени стручната служба

Прашањето за проценка на процесот на оргнизирање на наставата во две смени се однесува на стручната служба бидејќи тие се дел од менаџерскиот тим кој учествува во организацијата на наставата. Имаат увид во наставните програми на сите наставни предмети, ангажирани се околу наставните планови на наставниците и исто така треба да ги застапуваат можностите на учениците одпедагошки и психолошки аспект.

На прашањето „како го оценувате процесот на организирање наставата во две смени?“ двајца испитаници од стручните служби го сведуваат на едноставно решавање како усогласување на бројот на паралелките со просторните можности на училиштето.

Пет од нив сметаат дека е сложен, бидејќи има голем број изборни предмети,

наставни подрачја и странски јазици, кои бараат временско прилагодување, како и прилагодување на техничките услови во училиштето; заради тоа што работата во смени не соодветствува на психофизичките потреби на учениците и организрањето на наставата е несоодветно, понекогаш имаат и празни часови; бидејќи треба да се усогласат во две смени редовна настава со задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава како и проектни активности. Нема ниту време ниту просторни можности; заради тоа што професорите имаат чесови во различни смени и не секогаш се достапни за родителите и учениците.

Еден испитаник одговорил дека процесот е напорен имајќи во предвид дека за учениците втората смена е напорна.

Изненадува фактот што двајца од испитаниците, кои ја сочинуваат стручната служба, процесот на организрање на наставата го оцениле како едноставен поточно како усогласување на бројот на одделенијата и просторните можности. Останатите се согласни дека станува збор за комплексен процес во кој треба временски да се усогласат чесовите од редовната, изборната настава за шест подрачја во гимназиските паралелки, задолжителни проектни активности по две за секој ученик, додатна, дополнителна, консултативна, подготвителна, курсна и сл. настава.

Одговорите на ова прашање се искористени како вовед во заклучокот, со цел да укажат дека на временското организирање на наставата битно влијае на нејзиниот квалитет што е цел на ова истражување.

# III ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Анализирани се процесите кои се клучни во наставниот процес како што се условите и влијанието на временското организирање на наставата во првата или претпладневната и втората или попладневната смена во училиштата. Резултатите од анализите ја потврдуваат генералната, општа хипотеза дека настава организирана само во првата смена ќе придонесе за подобрување на наставниот процес, а со тоа и на постигнувањата на учениците. Една од првате задачи што беше поставена е обидот да се докаже заемна врска меѓу постигањата на учениците или

залагањата на наставниците наспроти условите од аспект на временската организација за работа во првата или во втората смена. Се докажа процентуално дека се обратнопрополционални со попладневната смена, а правопропорционални со претпладневната смена. Средните училишта на територијата на општината Карпош според просторните капацитети работат исклучиво во две смени, заради големиот интерес на учениците да учат во овие училишта, иако постојат основни училишта во истата општина кои работат само во првата смена што е спротивно на залагањата за систематизација на образованието со следење на развојот на учениците ако тие не се развиваат понатаму во исти услови/временско организирање на наставата, дури 58% од анкетираните ученици посетувале настава само првата смена и нивните искуства се позитивни. Оттука препораката да се имаат во предвид потребите на наставниците и учениците при временското организирање на наставата во средните училишта;

Во истражувањето на односот меѓу квалитетот и временската организираност на наставата во средните училишта генералната хипотеза е претпоставката дека наставата организирана само во прва смена ќе придонесе за подобрување на квалитетот на наставата што ќе резултира со подобри резултати на учениците. Со цел да го разбереме поимот за квалитетно образование кој произлегува од квалитетна настава, а врз основа на индикаторите кои се база за создавање систем за управување и контрола на квалитетот во работата на училиштата доаѓаме до заклучок дека овој поим е мултизначаен и дека постојат различни определби и опсервации. Во ова истражување земени се во предвид клучните фактори или минималните барања кои се поставени пред секој усогласен систем на управување со квалитетот. Постигната е целта да се испита улогата на временското организирање на наставата и определеното ниво на ефективност и ефикасност на воспитно-образовните активности, следени врз основа на поставени стандарди кои го обезбедуваат остварувањето на поставените цели и планираните активности со постигањата или планираните резултати. Се потврди дека не се занемарливи разликите меѓу квалитетот на настават во првата и квалитетот на наставата во втората смена. Резултатите покажуваат, со помош на нумеричките параметри

(броење, проценти и сл.), дека е висок процентот(69%) од наставници кои сметаат дека во претпладневната настава учениците постигнуваат подобри резултати на тестовите.

Анлизите покажуваат дека проценките и на другите индикатори: работната атмосфера, организирањето и спроведувањето на дополнителна и додатна настава и поддршката на стручната служба, како предуслов за постигнување добри резултати се на иста процентуална линија со посочените. Од педагошки аспект и според мислењето на училишните психолози се дојде до потврда дека способностите на учениците за учење и наставниците за реализција на наставните планови се поизрзени во првата смена. Оттука препораката стручната служба да врши почести испитувања и истите да ги промовира на научно ниво.

Се чини дека заради долгата традиција во работењето на повеќето средни училиштата во две смени не постои јасна перцепција кај повеќето чинители за постоењето потреба и временското организирање да се воспостави согласно со актуелните промени во опкружувањето.

Во современиот комплексен едукациски систем, посебно активните учесници во училиштата се соочуваат со предизвици како да се обезбеди успешно и континуирано функционирање на училиштата. Од изнасените анализи произлегува дека ефикасното учење покрај сите други фактори како што се: наставните планови и програми, перманентното професионално развивање на наставниците, активната настава во училниците, задоволството и потребите на учениците, се наметнува како битен фактор временското организирање на наставата имајќи ја во предвид ефективноста на времето поминато во училиште, без да се анализираат материјалните трошоци кои не се предмет на истражувањето. Наставните предмети се учат за време на еден наставен час или повеќе, а наставниот час е основна временска единица мерка во наставниот процес.

Би сакала заклучокот да го завршам со една констатација од истражување спроведено од група научници (Rutter, M., Maughan, B., Mortimore, R. and Ouston, J., 1979) за влијанието на наставниците и училиштето врз целокупниот успех на

ученици кои за 12 години образование поминуваат 15 000 часа во училишната средина. Констатацијата е дека училиштата како општествени институции имаат далеку поголемо влијание од аспект на знаењето, ставовите и однесувањето на учениците за разлика од наставниците или наставните програми. Можеби е време училиштата да се трансформираат во мали современи установи кои ќе обезбедат настава временски организирана во интервал каде ќе може да се создаде поволен однос меѓу наставниците и учениците во функција на потребите на сите ученици. Од тука произлегува и препораката да се направи детална анализа на состојбата со средните училишта кои не работата со целосно искористување на своите капацитети. Истражувањето е извршено на ограничен број испитаници, но може да се спроведе во иднина во повеќе средни училишта, гимназии или стручни, на територијата на повеќе општини.

# ЛИТЕРАТУРА


1. Armstrong, T. (2008), Najbolje škole - Kako istraživanje razvoja čovjeka može usmjeravati pedagošku praksu. Zagreb: Educa.
2. Bašić, S. (2007.): Nacionalni obrazovni standard – instrument kontroliranja učinkovitosti obrazovnog sustava, unapređivanja kvalitete nastave ili standardiziranja razvoja osobnosti? Pedagogijska istraživanja. 4 (1): 25-41.
3. Bezinović, P., Ristić Dedić, Z. Škola iz perspektive učenika: Smjernice za promjene, 2004. (elaborat).
4. Bezzina, C. (1997), „Restructuring schools in Malta: the road to improvement", The International Journal of Educational Management, Vol. 11 No. 5, pp. 194-202.
5. Bezzina, C. A National Curriculum Framework for All, 2012**,** *Review of the National Curriculum Framework and Way Forward,* 101
6. Biondić Ivanković, P., Brlas, S., Matošević, Lj., Pofuk, Lj. i Štetić, I. (2004). Zadovoljstvo učenika, roditelja i nastavnika školom u svjetlu rasterećenja učenika i nastavnoga procesa u srednjoj školi (pregled rezultata istraživanja). Život i škola, L (12), 55-64
7. Bognar, L. i Matijević, M. (2002). Didaktika. Zagreb: Školska knjiga
8. Bruner, J. (2000) Kultura obrazovanja, Zagreb: Educa.
9. Child, J. *Organization,* A Guide for Menagers and Administrators (New York, Harper & Row, 1977)
10. Čilić, A. (2017). " Čimbenici učinkovitost škola ", Acta Iadertina, 14 (2), str. 0-0. Windham M. Douglas, USAID Improving the Efficiency of Educational Systems Project IEES, 1988 - Education - 212 pages
11. Djorđević, J. (1981). Savremena nastava. Beograd: Naučna knjiga
12. Domović, V. (2003) Školsko ozračje i učinkovitost škole. Jastrebarsko: Naklada Slap
13. Drucker Peter F. (1997), Management, London: Pan Book LTD
14. Drucker Peter F. (2006). The Effective Executive: The Definitive Guide to Getting the Right Things Done. New York: Collins.

15. Foster, R. G. (2007) Teenagers, Body Cloks, Healt and Learning. *The Times Higher Educational Supplement,* 5 January.
16. Gardner, Howard, Mindy L. Kornhaber, Warren K. Wake (1999). Inteligencija: različita gledišta. Jastrebarsko: Naklada Slap
17. Gareth R. Jones, Jennifer M. George, "Contemporary management "(2008) McGraw Hill Irwin, 385 w Jersey, 2003
18. Glasser, W. (1999), Nastavnik u kvalitetnoj školi. Zagreb: Educa.
19. Green, B. (1996), Nove paradigme za stvaranje kvalitetnih škola. Alinea, Zagreb
20. Harris O.J., Hartman J.S.: "Organizational behavior", Haworth Press Inc., Binghamton, New York, 2002, стр.99 – 100
21. Havelka, N. (2000). Učenik i nastavnik u obrazovnom procesu. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
22. Henting, F. (2000), Humana škola. Zagreb: Educa
23. Herman, V. and Petričević, A. (2011). Impact of working conditions on labor productivity. Economic Bulletin, XXIV (2), 314-324
24. Jenkins, J. M. and Keefe, J. W. (2002) Two schools Two approaches to Personalized Learning. *Phi Delta Kappan* 83(6), 449-56.
25. Joyce, B., Weil, M., and Calhoun, E. (2000) *Models of Teacshing*. New York Alin and Bacon
26. Jucius, M., Personnal Management, 6-th Edition, Irwin Inc. Homewood, 2001,
27. Key, E. (2000), Stoljeće djeteta, Zagreb: Educa.
28. Kreitner, R. Kinicki, A. Organizational behavior, Arizona University, Irwin, Burrridge,1992, Ilinois
29. Lacks, Paige, (2016) "The Relationships Between School Climate, Teacher Self-Efficacy, and Teacher Beliefs" Doctoral Dissertations and Projects. 1332
30. Lasić, K., "Uloge nastavnika u tradicionalnoj i kvalitetnoj školi", 2015, III (2) 101-110.
31. Lim, M., G. Griffiths, and S. Sambrook (2010) "Organizational structure for the twenty-first century", Annual meeting of The Institute for Operations Research and The Management Sciences, Austin, pg

32. Littler, G. and Jirotkova D. (2008) Highlighting the Learning Proces. In A.D. Cokburn and G. Littler (eds) London: Sage
33. Liu, W. C., and Wang C. K. J.(2008) Home Environment and Cllasroom Climate: An Investigation of their Relation to Students Academic Self-Concept in a Streament Setting. Current Psyhology 27(4), 242-56.
34. Mattingly, Joseph W. (2007) "A study of the relationship between school climate, school culture, teacher efficacy, collective efficacy, teacher job satisfaction and intent to turnover in the context of year-round education calendars." Electronic Theses and Dissertations. Paper 923.
35. Miller, D., *Strategy Making and Strukture*:" Analysis and Implikation for Performance" Academi of Menangment Journal 30, 1987, 7-32
36. Mlinarević, Vesnica (2002) "Učitelj i odrednice uspješnog poučavanja" // Život i škola, 47 7; 140-141
37. Muijs, D. and Reynolds D. (2005), Effective Teaching: Research and Practice, SAGE Publikations, London
38. Poljak, V. (1991). Didaktika. Zagreb: Školska knjiga
39. Relja, J. (2006). " Kako se učenici osjećaju u školi ", Život i škola, LII (15-16), str. 87-96.
40. Reynolds, D., Sammons, P., Stoll, L., Barber, M., and Hillman, J., (1996) School Effectivenes and School Improvement in the United Kindom. *School Effectivenes and School Improvement* 7(2)133-58.
41. Robbins.S. Organizational behavior, 9-th Edition (2001), Upper Saddle, River, Prentice Hall.
42. Rutter, M., Maughan, B., Mortimore, R. and Ouston, J., (1979) Fifteen Thousand Hours: Secondary Schools and their Effects on Children. London: Open Books.
43. Slavin, R.E. (1983) Coperative Learning. New York: Longman.
44. Tableman B. (2014) " School Climate and Learning, Best Practice Brief ". UniversityCommunity Partnerships, Michigan State University. 1-10
45. Tomilson, H. (2006) Educatinal Menagment II-Edukatinal theory, USA: Routledge Falmer

46. Torrington D., Hall L., Taylor S., "Human resource management", 7th Edition, Financial Times Management, Prentice Hall, Edinburg, England, 2008
47. Vilotijević, M. (1993). Organizacija i rukovođenje školom, Beograd: Naučna knjiga
48. Vilotijević, M. (1999). Didaktika, 1 i 3. Beograd: Naučna knjiga
49. Vučić, L. (1982). Pedagoška psihologija. Beograd: Savez društava psihologa Srbije
50. West, M. and Muijs, D. (2009) Personalized Learning. In C. Chapman and H. Gunter(eds) Radical Reforms: *A Decade of Educational Change*. Abingdon: Routledge
51. Гоцевски,Т.(2010) ОБРАЗОВЕН МЕНАЏМЕНТ, Филозофски факултет-Скопје: Македонска ризница-Куманово
52. Петров, Н.(1994) Проекција на развојот на образованието, Скопје: Просветно дело

## Други извори на податоци

53. Службен весник на РСМ, бр. 156 од 30.7.2019 година
54. ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ („Службен весник на Република Македонија"бр. 64/2018)
55. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СЕОПФАТНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018-2025 ГОДИНА и нацрт Акциски план
56. Министерство за образование и наука на Република Македонија Државен просветен инспекторат, 2009, Скопје
57. https://skopje.gov.mk/mk/skopje/sredni-ucilista/
58. http://orcenikolov.edu.mk/mk/wp-content/uploads/2018/09/STATUT-ORCE-NIKOLOV-SKOPJE.pdf
59. file:///C:/Users/GODISNA-PROGRAMA-2019-20.pdf
60. file:///C:/STATUT-%20Nikola%20Karev.pdf
61. http://www.makedonski.info/processtext Дигтален речник на македонскот јазик
62. Dictionary.com, LLC. "Effectiveness |Define Effectiveness at Dictionary.com." Dictionary.com | Find the Meanings and Definitions of Words at Dictionary.com.

2011. Web. 28 Sept. 2011. <http://dictionary.reference.com/browse/effectiveness>.

63. http://edukacija.rs/obrazovanje/ukidanje-druge-smene-u-skolama

64. Autor: Brodportal Vrijeme: 2019-07-24 08:37:27

# ПРИЛОЗИ

Користени инструменти во истражувањето

Прилог бр.1 Прашалник за наставниците

Почитувани,

Прашалникот е изготвен за изработка на магистерски труд на тема *Квалитетот и временската организација на наставата во средното образование*. Вашите одговори ќе бидат користени исклучиво за реализација на истржувањето. Ве молиме да помогнете во реализацијата на истражувањето и да одговорите на прашањата и објективно да го искажете својот став во врска со наведените искази. Анкетата е анонимна!

Ви благодарам на соработката!

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. На мислење сум дека учењето во попладневната смена не резултира со квалитет | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 2. Во претпладневната настава учениците постигнуваат подобри резултати на тестовите | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 3. Во попладневната настава учениците не ги исполнуваат поставените задачи на часот во целост | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 4. Учениците ги одложуваат писмените работи планирани во втората смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 5. Учениците не покажуваат поголем интерес за наставните содржини во втората смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 6. Во  првата смена има повеќе услови за учење во интракција со опкружувањето | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 7. Во втората смена нема работна атмосфера | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 8. Во втората смена почести се недоразбирањата меѓу учениците | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 9. Стручната литература им е недостапна на наставниците и учениците | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 10. Учениците се помотивирани кога работат во првата смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 11. Учениците се помотивирани редовно да доаѓаат на настава во првата смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 12. Учениците покажуваат поголем интерес во решавањето на задачите во првата смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 13. Учениците имаат позитивен став кон активностите во училиштето во првата смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 14. Наставниците се помотивирани кога работат во првата смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 15. Наставниците се активни и енергични во соработката со учениците во првата смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 16. Наставниците покажуваат поголем интерес за соработка со родителите во првата смена | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 17. Наставниците имаат услови за интерактивна настава во првата смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В)Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 18. Во втората смена не се реализира додатна и дополнителна настава | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 19. Учениците не се во можност да ја посетуваат дополнителната настава во втората смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 20. Не постојат услови за организирње на додатна и дополнителна настава за двете смени | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 21. Педагошката и психолошката помош е недоволна кога наставата се одвива во втората смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 22. Учениците во секое време може да добијат советодавна помош од стручната служба | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| 23. На наставниците им е потребна советодавна помош и во поплдневната смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г)Воглавно се согласувам* | *Д)Потполно се согласувам* |
| II.Како го проценувате квалитетот на наставата во попладневната смена од односот на планираните резултати и планираните активности?<br><br>а)100% се реализирани планираните резултати во однос на планираните активости<br><br>б)70-100% се реализирани планираните резултати во однос на планираните активости | | | | |

| |
|---|
| в)40-70% се реализирани планираните резултати во однос на планираните активости<br>г)помалку од 40% се реализирани планираните резултати во однос на планираните активости |
| III. Напишете пофалба, критика, сугестија во врска со атмосферата за работа во училиштето за време на попладневната настава<br>______________________________________________________________<br>______________________________________________________________<br>_____________________________________________________________ |
| IV. Дали сте задоволни од активностите кои се организираат во училиштето во попладневната смена?<br>ДА НЕ<br>Ако одговорот е НЕ објаснете зошто<br>______________________________________________________________<br>______________________________________________________________<br>______________________________________________________________ |

Прилог бр.2

Почитувани,
Прашалникот е изготвен за изработка на магистерски труд на тема *Квалитетот и временската организација на наставата во средното образование*. Вашите одговори ќе бидат користени исклучиво за реализација на истржувањето. Ве молиме да помогнете во реализацијата на истражувањето и да одговорите на прашањата и објективно да го искажете својот став во врска со наведените искази.
Анкетата е анонимна!
Ви благодарам на соработката!
Прашалник за учениците

| |
|---|
| 1.Постигнувам подобри резултати кога сум на настава претпладне |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 2. Учењето во училницата е активно , динамично и има работна атмосфера само во првата смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 3. Немам доволно време за домашните задачи кога сум во попладневната настава | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 4.Учениците почесто отсуствуваат од наставата во попладневната смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 5. Учениците имаат потреба од стручна и друга литература и во попладневната смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 6. Учениците не можат да посетуваат курсеви и тренинзи кога се во попладневната смена па бараат да бидат ослободени од последните часови | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 7. Наставниците се поотворени за соработка и комуникација со нас во првата смена | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 8. Наставниците ги поттикнуваат и мотивираат учениците активно да учествуваат на часот подеднакво и во првата и во втората смена? | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 9. Постои поголема мотивираност кај учениците за работа во претпладневната смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 10. Напорно ми е да ја следам дополнителната настава кога сум попладне на училиште | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 11. Невозможно е да присуствувам на додатна или дополнителна настава во попладневната смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 12. Во училиштето се чувствувам убаво и безбедно и во втората смена | | | | |
| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
| 13.Кога имам проблем знам на кого да му се обратам | | | | |

| *А) Воопшто не се согласувам* | *Б) Делумно не се согласувам* | *В) Неодлучен сум* | *Г) Воглавно се согласувам* | *Д) Потполно се согласувам* |
|---|---|---|---|---|

II.Дали сте задоволни од организацијата на активностите во попладневната смена? ДА НЕ

Ако одговорот е НЕ објаснете зошто

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

III.Напишете пофалба, критика, сугестија во врска со атмосферата за работа во училиштето во попладневната смена

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

IV. Дали имате искуство со посета на настава само во претпладневна смена?

ДА НЕ

Ако одговорот е ДА опишете го

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Прилог бр.3

Почитувани!

Прашалникот е изготвен за изработка на магистерски труд на тема *Квалитетот и временската организација на наставата во средното образование*. Вашите одговори ќе бидат користени исклучиво за реализација на истржувањето. Ве

молам да помогнете во реализацијата на истражувањето и да одговорите на прашањата и објективно да го искажете својот став во врска со наведените искази(обележете со x).

Работен стаж како педагог во училиште________________год.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Како го оценувате процесот на организирање настава во две смени? | | | |
| едноставен | напорен | сложен | комплициран |
| Заради што така проценувате? | | | |
| | | | |
| | | | |
| 2. Како би го оцениле квалитетот на наставата на последните часови во втората смена? | | | |
| Многу полошо од просечно | полошо од просечно | просечно | многу подобро од просечно |
| Заради што така проценувате? | | | |
| | | | |
| | | | |
| 3.Дали учениците бараат педагогот да интервенира во одложувањето на тестовите и писмените задачи во втората смена? | | | |
| никогаш | ретко | често | секогаш |
| Заради што така проценувате? | | | |
| | | | |
| | | | |
| 4.Дали влијае попладневната смена врз поведението на учениците? | | | |
| не влијае | делумно влијае | влијае | значајно влијае |
| Заради што така проценувате? | | | |
| | | | |
| | | | |
| 5.Колку сте задоволни од соработката со наставниците во втората смена? | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| незадоволен | незначително | задоволен | многу задоволен |
| Заради што така проценувате? | | | |
| 6. Колку е важно дополнителната и додатната настава да се организирани за потребите на учениците? | | | |
| неважна | недоволно важно | важно | многу важно |
| Заради што така проценувате? | | | |
| | | | |
| | | | |
| 7. Дали учениците почесто бараат педагошка помош во втората смена? | | | |
| никогаш | ретко | често | секогаш |
| Заради што така проценувате? ____________________ ____________________ | | | |
| 8. Дали наставниците почесто бараат педагошка помош во втората смена? | | | |
| никогаш | ретко | често | секогаш |
| 9.Заради што така проценувате? ____________________ ____________________ | | | |
| 10. Ве молам напишете го вашиот став за квалитетот на попладневната настава од педагошки аспект? | | | |

Прилог бр.4

Почитувани!

Прашалникот е изготвен за изработка на магистерски труд на тема *Квалитетот и временската организација на наставата во средното образование*. Вашите одговори ќе бидат користени исклучиво за реализација на истржувањето. Ве молиме да помогнете во реализацијата на истражувањето и да одговорите на прашањата и објективно да го искажете својот став во врска со наведените искази(обележете со x).

Работен стаж како психолог во училиште________________год.

<table>
<tr><td colspan="4">1.Како го оценувате процесот на организирање настава во две смени?</td></tr>
<tr><td>едноставен</td><td>напорен</td><td>сложен</td><td>комплициран</td></tr>
<tr><td colspan="4">Заради што така проценувате?</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4">2. Како би го оцениле квалитетот на наставата на последните часови во втората смена?</td></tr>
<tr><td>Многу полошо од просечно</td><td>полошо од просечно</td><td>просечно</td><td>многу подобро од просечно</td></tr>
<tr><td colspan="4">Заради што така проценувате?</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4">3.Дали учениците бараат педагогот или психологот да интервенира во одложувањето на тестовите и писмените задачи во втората смена?</td></tr>
<tr><td>никогаш</td><td>ретко</td><td>често</td><td>секогаш</td></tr>
<tr><td colspan="4">Заради што така проценувате?</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4">4.Дали влијае попладневната смена врз успехот на учениците?</td></tr>
<tr><td>не влијае</td><td>делумно влијае</td><td>влијае</td><td>значајно влијае</td></tr>
<tr><td colspan="4">Заради што така проценувате?</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4">5.Колку сте задоволни од соработката со наставниците во втората смена?</td></tr>
<tr><td>незадоволен</td><td>незначително</td><td>задоволен</td><td>многу задоволен</td></tr>
<tr><td colspan="4">Заради што така проценувате?</td></tr>
<tr><td colspan="4">6. Колку е важно дополнителната и додатната настава да се организирани за потребите на учениците?</td></tr>
<tr><td>неважна</td><td>недоволно важно</td><td>важно</td><td>многу важно</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Заради што така проценувате? | | | |
| | | | |
| | | | |
| 7. Дали учениците почесто бараат стручна помош во втората смена? | | | |
| никогаш | ретко | често | секогаш |
| Заради што така проценувате? | | | |
| 8. Дали наставниците почесто бараат стручна помош во втората смена? | | | |
| никогаш | ретко | често | секогаш |
| 9.Заради што така проценувате? | | | |
| 10. Ве молам напишете го вашиот став за квалитетот на попладневната настава од аспект на училишен психолог. | | | |